РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно училиште
Браќа Миладиновци
Бр. 02-345/2
26.08 2025 год.
Општина Аеродром, Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“, СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ

за период од 2023/2024 до 2024/2025 година



CamScanner

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**„БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“, СКОПЈЕ, АЕРОДРОМ**

**за период од 2023/2024 до 2024/2025 година**



| Самоевалвација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | „Браќа Миладиновци“ |
| Адреса | ул.„Владимир Комаров“бр.5 |
| Телефон | |
| е-пошта | brakamiladinovci_skopje@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | февруари, 2025 до август 2025 |
| Број на ученици во училиштето | 566 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Анета Велкоска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | |
| Потпис | |
| Датум | |

# ИЗВЕШТАЈ

## од самоевалуација на ООУ „Браќа Миладиновци“ период за 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25 година) Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023-2025 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на ___ ___ 2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Жаклина Ристовска
2. Катерина Наумовска
3. Биљана Ќириќ
4. Билјана Мишева
5. Билјана Чулева

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **ПОДРАЧЈЕ 1** | **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** |
|---|---|
| **Одговорни** | **Наталија Ралповска и Билјана Индова** |
| 1. | Лидија Денковска |
| 2. | Јасмина Караџовски |
| 3. | Наташа Бошковиќ |
| 4. | Наталија Ч.Арсовска |
| 5. | Даниел Стојановски |
| 6. | Маја Глигоровска |
| 7. | Ленче Гулевска |
| 8. | Сунчица Петрева |
| 9. | Оливер Миленковски |
| 10. | Сашка Вукелиќ |
| 11. | Љубица Томовска |

| ПОДРАЧЈЕ 2 | ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|
| **Одговорни** | **Јасмина Дугалиќ и Маја Здравковска** |
| 1. | Татјана Галевска |
| 2. | Дарко Петровски |
| 3. | Анкица Арџелиева |
| 4. | Евгенија Главинова |
| 5. | Ивана К. Јовановска |
| 6. | Ива Наковска |
| 7. | Божидар Мишиќ |
| 8. | Маја Азманова |
| 9. | Мирјана Лебамова |
| 10. | Ристенка Димовска |
| **ПОДРАЧЈЕ 3** | **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** |
| **Одговорни** | **Билјана Ивановска и Анета Трифуновска Стојанова** |
| 1. | Драгана Стевковски |
| 2. | Снежана Т. Стојчески |
| 3. | Јасмина Нацева |
| 4. | Кристина К. Лазарова |
| 5. | Сандра Ваневска |
| 6. | Даниела Јаневска |
| 7. | Наташа Јакимовска |
| 8. | Милена Мојсовска |
| 9. | Симона Копанова |
| 10. | Ангелина Кралевска |
| 11. | Елена Јанкуловска |
| **ПОДРАЧЈЕ 4** | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА** |
| **Одговорни** | **Наташа Талеска и Никола Оџаков** |
| 1. | Елена Илиевска |
| 2. | Анета Караџова |
| 3. | Јасминка Зелиќ Бобевска |
| 4. | Тања Симоновска |
| 5. | Татјана Бурник |
| 6. | Гоце Стојкоски |
| 7. | Соња Гајдоска |
| 8. | Александра Велковска |
| 9. | Катарина Митковска |
| 10. | Зорица Вучиниќ |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 25.08.2025 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>● Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО на РСМ. Во секоја учебна година се реализираат 180 наставни денови. Наставата се реализира со планираниот фонд на наставни часови по наставни предмети-подрачја. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето се реализираат со примена на современи наставни форми, техники и методи, инструменти за следење и вреднување. Наставата е ефикасна и квалитетна со постигање на насочување на личноста на ученикот за максимален развој и едукација на учениците и наставниците.<br>● Наставните планови и програми кои се применуваат во училиштето се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО и се реализираат во пропишаниот обем. При реализирањето на истите се применуваат искуствата стекнати на семинари за стручно усовршување на наставниот и кадарот од стручната служба. Наставниците редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања (сценарија) за реализацијата на редовната, додатната и дополнителната настава и за воннаставните активности.<br>● Во планирањата се дефинираат знаењата и вештините кои треба да бидат усвоени од секоја наставна содржина, а според наставните цели се определува кои наставни методи, форми, содржини, дидактички помагала и средства ќе се применуваат. Наставниците поставуваат јасни и високи очекувања во однос на постигањата и редовноста на учениците, а пофалбата најчесто се применува како мотивација за повисоки постигнувања.<br>● Наставниците ги реализираат наставни планови и програми од МОН со потребни адаптации, а годишните планирања на сите наставници се со висок квалитет, адаптирани се на потребите на учениците и содржат дефинирани цели и инструменти за следење и вреднување. Реализацијата на наставните планови и програми по сите наставни предмети е според планирањата.<br>● Пред почетокот на секоја учебна година, сите наставници изготвуваат годишни, глобални и тематски планирања од задолжителната настава, исто така и од воннаставните активности, додатната и дополнителната настава. Тие се доставуваат до стручната служба, која ги проследува и ги доставува до директорот на училиштето.<br>● Во текот на учебната годината наставниците изработуваат и дневни планирања, кои ги содржат сите компоненти неопходни за успешна организација и реализација на часот (цели, исходи, методи и форми).<br>● Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата, од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба. Сите наставници |

имаат изготвени тематски и дневни планери кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.

- Училиштето користи повеќе начини да ги информира членовите на Советот на родители и останатите родители како и сите заинтересирани за заедничка соработка. На почетокот од учебната година родителите преку информативен лист се запознаваат со НПП кои нивното дете ги изучува, бројот на НП и фондот на часови по НП и седмично. Училиштето преку Совет на родители и Училишен одбор има планирано активности за прибирање и разгледување на мислења за наставните планови и програми од наставниците и родителите.
- Учениците се запознаваат преку тематските, неделните планирања и одделенските часови и часовите по наставни предмети-подрачја за материјалот кој се изучува во следниот период, очекуваните цели, исходи и постапките за оценување на постигањата.
- Педагошко-психолошката служба и директотот на училиштето во секој класификационен период ја следат работата на наставниците за примената на интерактивни техники, како поставување прашања, водење дискусии, индивидуална настава, повратни информации и други методи. Врз основа на ова, се добиваат информации за самиот наставен процес кој е важен фактор во работата на наставниците. Исто така и извештаите за работата на наставниците, по активи и по постигнати резултати на крајот на тримесечните, полугодушните и годишните извештаи даваат делумни информации за користењето на современи наставни методи и техники. Несомнено е дека учениците, преку својата работа, јасно укажуваат на потребата од интензивирање на активната настава, како основа на современото училиште.
- Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на сите ученици (машки и женски) од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Меѓуетничка интеграција во образованието“, „Училиште без насилство“, „Образование за животни вештини“, „Вештини за живеење“ преку реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители и соработка со педагошко- психолошката служба. Во училиштето се изведува современа, ефикасна и квалитетна настава со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците.
- Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето делумно како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. Училницата е место на разменување креативни мислења, ставови и идеи. Наставникот обезбедува безбедна средина за учење во која ученикот се вреднува и почитува. Исто така, креира образовна средина со креативни катчиња која ги поттикнува учениците да преземаат одговорност за своето учење. Учениците се чувствуваат добредојдени во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот имплементирани на интересен начин. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи естетски норми. Редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.
- За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено во предвид при решавањето проблеми и одлучувањето. Учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).Најголемиот број на ученици се вклучени барем во една, некои и во повеќе вонаставни активности, без оглед на нивниот пол, етничка припадност како и социјалното потекло.

- Училиштето обезбедува услови и за вклучување на учениците со посебни образовни потреби, на учениците од семејствата со низок социо – економски статус во воннаставните активности.
- Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор. Истите имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Преку воннаставните активности, учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат знаењата.
- Сите ученици без оглед на нивниот пол, етничка припадност како и социјалното потекло добиваат еднаква можност да учествуваат на натпревари. Училиштето нуди можности и ги обезбедува сите неопходни услови за организација и реализација на сите натпревари. Од самиот почеток на учебната година учениците зе запознаваат со календарот на натпревари и се мотивираат да земат активно учество во областа во која ке се пронајдат. Учеството на натпреварите е на доброволна основа од страна на учениците и претставува една дополнителна можност да се надоградат и насочат во областа за која ќе покажат интерес.

**Силни страни**

- Наставниот кадар во соработка со стручната служба, ги адаптира наставните планови кон потребите на учениците.
- Наставниот кадар, во рамките на стручните активи, како и воопшто во училиштето соработува и разменува меѓусебни искуства за планирањата.
- Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.
- Родителите ги поддржуваат наставниците во нивното планирања на наставата.
- Наставниците и учениците разменуваат идеи поврзани со наставата.
- Директорот и стручната служба даваат поддршка на наставниците во однос на наставата по сите наставни предмети.
- Наставниците користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми.
- Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат истите да ги користат и самите ученици.
- Учениците имаат пристап до различни материјали за учење.
- Учениците секогаш се охрабрени од наставниците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат.
- Учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето.
- Училиштето е отворено за промени и реализира проекти кои го прават училиштето поефективно и современо.
- Учениците имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде земено во предвид при решавањето на проблеми во одлучувањето.
- Во училиштето се реализираат програми во вид на презентации, работилници или трибини за меѓусебните односите.
- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците.
- Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

- Учениците редовно се вклучени во самооценувањето и меѓусебното оценување, како и во градењето критериуми.
- Учениците се редовно пофалени од страна на наставниците за секој нивни труд и постигнат успех.
- Училиштето е естетски уредено со визуелни материјали и пишани содржини кои го отслукуваат мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на државата.
- Придобивките од учеството во воннаставните активности позитивно делуваат на учениците.
- Со учениците со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава, се работи според ИОП.
- Училиштето има пропишана процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните програми по сите наставни предмети со учество на дефектолог.
- Наставниците ги идентификуваат надарените/талентираните ученици.
- Наставниците ги инволвираат учениците во изборот на изборни наставни предмети .
- Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности.

**Слаби страни**

- Мала вклученост на учениците во активности со ученици кои учат на различни јазици.
- Мала вклученост на повеќето ученици во проекти во и надвор од училиштето.

**Приоритети**

- Соработка со институции со цел организирање на активности со ученици кои учат во училишта на различни јазици од јазикот на кој се учи во нашето училиште.
- Соработка со институции за поголема вклученост на учениците во проекти кои ќе се реализираат во и надвор од училиштето.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

- Во ООУ „Браќа Миладиновци”, Аеродром - Скопје наставата се реализира на македонски наставен јазик. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди и презема активности за нивно подобрување.
- Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците со податоци за напредокот на истите, добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците по сите наставни предмети. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квалификациони периоди, тие извештаи се доставуваат кај стручната служба на училиштето кои ги обработуваат, сумираат, а истите наставниците ги презентираат на Наставнички совет. Тие податоци и извештаи се чуваат во училишната документација и за истите се запознаени Советот на родители, Училишниот одбор, Општина Аеродром, МОН во рамките на Полугодишните и Годишните извештаи за работата на училиштето. Нашето училиште учествува во сите планирани воннаставни активности. Постигањата од истите се евидентираат и следат континуирано во е-дневник, како и во извештаите за реализација на воннаставните активности.
- Во учебната 2023 – 2024 година највисокиот успех во одделенска настава е по предметите ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образованние, сип1 и сип2 со просек 5.00, а најнизок успех е по предметот македонски јазик со просек 4.74.

Највисок успех во предметна настава е по предметот техничко образование со просек 4.98. Најнизок успех во предметна настава е по предметот математика со просек 4.10. Просекот на ниво на училиште за учебната 2023-2024 година е одличен 4.74.

- Во учебната 2024 – 2025 година највисокиот успех во одделенска настава е по предметите ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образованние, сип1 и сип2 со просек 5.00, а најнизок успех е по предметот математика со просек 4.77. Највисок успех во предметна настава е по предметите сип1 и сип2 со просек 4.98. Најнизок успех во предметна настава е по предметот математика со просек4.06. Просекот на ниво на училиште за учебната 2024-2025 година е одличен 4.74.
- Училиштето учествуваше во меѓународно тестирање ТИМС и наставата се подобрува соодветно.
- Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во своите секојдневни активности и со нив работат одделенските раководители, предметните наставници, образовните асистенти, во соработка со стручната служба. Учениците со посебни образовни потреби уште при запишување во прво одделение како и во тек на целиот образовен процес, се евидентираат и родителите доставуваат наод и мислење од надлежни институции, (проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост и други надлежни институции).
- Училиштето има интерен протокол за детекција на деца со едукативни потешкотии.
- Училиштето ги идентификува учениците со посебни образовни потреби, со потешкотии, надарените ученици, согласно интерните процедури.
- Училиштето има формирано инклузивни тимови за учениците, во кои се вклучени сите наставници на ученикот, родителот, стручната служба и образовен асистент, кај учениците кои имаат потреба од подршка од образовен асистент. За секој ученик со посебни образовни потреби, согласно потребите и согласно спроведувањето на мерките за поддршка во учењето согласно проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, се изработува долгорочен, среднорочен и краткорочен план во кој се дефинирани целите и начинот на работа со учениците.
- Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на часовите според индивидуалните потреби на учениците. Има добра соработка помеѓу наставниот кадар и образовните асистенти. Помал дел од родителите односно 46.7% се сложуваат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на часовите според индивидуалните потреби на учениците.
- Напредокот на учениците со посебни потреби, континуирано го следат наставниците, родителите, стручните соработници и по потреба се врши ревизија на индивидуалните образовни планови. Поддршката за овие ученици се одвива и во соработка со ресурскиот центар надлежен за нашето училиште и центарот за поддршка на учењето. По добиена процена од МКФ, се добиваат, меѓуостанатите, и образовни препораки, кои училиштето ги следи, а се однесуваат на изготвени индивидуални образовни планови, поддршка од образовни асистенти, како и индивидуална работа и континуирана поддршка на учениците од страна на стручната служба во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење и подобрување на постигањата. Постои соработка со стручните лица од надлежниот ресурсен центар, центарот за поддршка на учењето и со образовните асистенти, што дава подобри постигнувања кај учениците со попреченост.
- Во училиштето во учебната 2023/2024 година има шест ученици пријавени со ПОП, а во 2024/2025 година осум ученици пријавени со ПОП. Училиштето од страна на стручна служба има изработено Интерна процедура за откривање и евидентирање на ученици со емоционални потешкотии и/или социјално загрозени и план за работа со истите ученици. При приемот на учениците се пополнува Формулар- пријава за упис со лични податоци, податоци за социјалниот статус, здравствениот статус. Се пополнува Чек листа за

однесување при опсервација (во средината, кон другите деца, кон дидактички средства, кон родителите, кон непознати, однесување на родителите кон детето, говор, емоционална и социјална зрелост) По заклучена потреба на родителот се дава прашалник за проценка на однесувањето на детето во семејството и прашалник на наставникот за проценка на однесувањето на ученикот во училиште (на час, на одмор, кон авторитет). Овој прашалник се поставува во корелација со постигнатиот успех за да се извлечат заеднички соодветни заклучоци. Во текот на целата учебна година во континуирана соработка наставниците и /или родителите ја информираат стручната служба доколку забележат промени кај учениците. Се врши опсервација на ученикот, се вклучуваат и родителите на разговор – интервју, како би се добиле информации за можните извори на емоционалните потешкотии и истото би помогнало за поефективно заедничко/партнерско работење во процесот на надминување на тешкотијата. Стручните соработници по потреба спроведуваат редовни советодавни средби, индивидуални средби и/или средби со учениците и родителите. Советување и консултативни разговори со одговорните наставници за проблемите и начинот на однесување кон овие ученици. По потреба интервентни и/или редовни контакти по телефон, на писмено и на закажани средби со ЦСР. Барање на поддршка и упатување во ЗМЗ и/или МКФ. Во исклучителни – поспецифични случаи родителот се советува да побара стручна помош и од специјализирани институции.

- Во училиштето во учебната 2023-2024 година има шест ученици пријавени со потешкотии во учењето, а во 2024-2025 година има осум ученици пријавени со потешкотии во учењето. Формиран е Тим од наставници, со вклученост на целата стручна служба и координирана од страна на психологот. Од страна на Тимот се бара континуирано водење и пополнување на ученичкото портфолио со материјали, изработки на учениците, чек листи и други инструменти за следење и евалуација на усвоените знаења кај учениците. Изготвена е Акциона програма со цели, содржини и активности, по која програма тековно се креира и поддржува климата за работа со талентирани деца како деца со индивидуални образовни потреби. Спроведена е анкета преку пријавен лист за запознавање со бројот на ученици и видот на потребите. Дополнително уште во септември покрај пријавниот лист е доставена до одделенските наставнички од четврто и петто одделение и до сите предметни наставници програма за работа со талентирани ученици и барање за нивно пријавување и идентификација, по што се спроведуваат и дополнителни листи, формулари и скали ако за тоа има потреба. И секако задолжително индивидуализирање и прилагодување на наставата кон потребите на учениците, вклучување во додатна настава и диференциран пристап во работата, следење на индивидуалните постигања и градење на стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето.
- Изготвен е документ-Програма и насоки за Училишниот Тим за Талентирани и надарени ученици-која ја сочинуваат следниве под точки: откривање и работа со талентирани и надарени ученици, принципи на работа, начини на идентификување и препознавање и задоволување на потребите на надаредните и талентираните ученици во наставата. Како составен дел од Годишната програма училиштето има испланирано и Програма за реализација на ученички натпревари во која се планираат училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Во прилог на годишните извештаи има информација за реализирано учество на натпревари и постигнати и освоени места, награди и пофалници.
- Во учебната 2023-2024 година за талентиран ученик беше пријавен еден ученик, по предметот математика, во учебната 2024-2025 година за талентиран беше пријавен еден ученик, истотака по предметот математика.
- Училиштето планира и превзема конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците. Со цел подобрување на постигањата и мотивирање за редовно учење, настаниците користат разновидни форми и методи на оценување.

- Родителите/старателите навремено се известуваат, усно и писмено за постигањата на учениците Училиштето има систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците, се анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработката помеѓу родителите и одделенскиот раководител е најбитна за редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции (центри за социјална работа, дпи), врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.
- Во учебната 2023-2024 година 574 ученици се со примерно поведение, 1 ученик со добро и 1 ученик со незадоволително поведение. Направени се вкипно 33 702 изостаноци, од кои 32 784 оправдани и 918 неоправдани изостаноци. Просек по ученик 58.5 изостаноци (односно по ученик оправдани 56.91 и неоправдани 1.5)
- Во учебната 2024-2025 година сите ученици, односно 566 се со примерно поведение. Направени се вкипно 32 432 изостаноци, од кои 32 276 оправдани и 156 неоправдани изостаноци. Просек по ученик 57.3 изостаноци (односно по ученик оправдани 57.02 и неоправдани 0.27) Просечниот број неоправдани изостаноци во изминатите две учебни години 2023-2024 и 2024-2025, е помал од два по ученик.
- Основното училиште презема активности за унапредување на добросостојбата на учениците и напредување согласно воспитно-образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми. И покрај тоа определен број ученици, од различни причини, во текот на учебната година манифестираат однесување што не е во согласност со воспоставениот кодекс на однесување или не го постигнуваат оној успех што, согласно нивните способности, би можеле да го постигнат. За тие ученици и нивните родители/старатели, училиштето обезбедува посебен вид поддршка преку фокусирана работа. При тоа, особено е значајна советодавна работа на стручните соработници со ученици и родители/старатели. Овој вид на поддршка на учениците и родителите е регулиран со член 76 и 77 од Законот за основно образование и се реализира според Програма за советување на ученици и родители, односно старатели, донесена од Министерот за образование и наука. Соработката на училиштето со родителите/старателите е битен фактор за социо-емоционалниот развој на учениците и формирање позитивен став кон училиштето и учењето. Соработката со родителите/старателите е дел од работата на воспитно-образовниот кадар. Наставниците, стручните соработници и директорите поседуваат компетенции таа соработка професионално да ја организираат и реализираат. Советувањето на ученици и на родители/старатели има за цел да ја унапреди добросостојбата на учениците и да им се помогне да ги постигнат резултатите од учење предвидени со наставните програми, преку континуирана поддршка на учениците и соодветно вклучување на родителите/старателите. Ефектите од советувањето се манифестираат преку подобрување на редовноста во наставата, на успехот и на поведението. Родителите/старателите на ученик се повикуваат на советување доколку ученикот:
    - нередовно ја посетува наставата од неоправдани причини односно има повеќе од 10 неоправдани изостаноци (во учебната 2023-2024 со пет родители, во учебната 2024-2025 со еден родител)
    - има незадоволителен успех (три или повеќе слаби оцени на крајот на тримесечјето или полугодието) или значително му опаднал успехот во однос на успехот во претходното тримесечје или во однос на претходната учебна година (во учебната 2023-2024 со еден родител, во учебната 2024-2025 нема)

го нарушува кодексот на однесување на учениците и куќниот ред на училиштето. (во учебната 2023-2024 со четири родители, во учебната 2024-2025 со два родитела)

- ➢ Напоредно со советувањето на родителите/старателите, како неопходен дел од поддршката се реализира и советување со нивните деца, односно со учениците. Советувањето со родителите/старателите и со нивните деца се одвива истовремено или последователно, со цел да се обезбеди системски пристап кон проблемот и да се изнајдат соодветни форми на поддршка на ученикот и на семејството.

- Психолозите, односно педагозите реализираат советување со родители/старатели доколку претходните средби на наставниците и раководителите на паралелки со родителите не довеле до подобрување на состојбата.
- Во советувањето на родителите/старателите и учениците психолозите/педагозите применуваат индивидуално и/или групно советување, зависно од личноста и возраста на ученикот, видот, комплексноста на проблемот и специфичноста на опкружувањето.
- Индивидуалното советување се реализира во случаи кога проблемот се однесува само на поединечна личност/семејство. Карактеристики на индивидуалното советување се што: може да се прилагоди на конкретен ученик и родител/старател, комуникацијата меѓу родителот/старателот и стручниот соработник е поотворена, се обезбедува поголема доверливост; полесно се обезбедува навременост на советувањето и прилагоденост на термините и времетраењето.
- Групното советување се реализира со помала или поголема група ученици или родители/старатели чиишто деца се соочиле со проблем којшто е заеднички (на пр. нарушување на куќниот ред, групно напуштање на наставата) или е присутен кај група ученици, (на пр. незадоволителен успех кај голем број ученици по определен предмет во една паралелка). Ваквиот вид советување се реализира и кога природата на проблемот е поврзана со односите во групата или односите на поединци кон групата, како и во случаи кога кохезивноста на групата може да придонесе за надминување на состојбата како и кога групата треба да постигне заеднички договор и да преземе одговорност. Групното советување се реализира преку повеќе форми на групна работа работилници, дискусии, презентации.
- Предизвици со успех, редовност и однесување често се јавуваат кај исти ученици во подолг период, дури и во повеќе учебни години. Имајќи предвид дека наставниците и раководителите на паралелки се во секојдневна релација со учениците, тие први може да ги забележат промените што се јавуваат кај учениците, и согласно тоа да ги преземат првичните активности. Кога преземените активности од страна на наставниците со учениците и нивните родители/старатели не дале резултати тогаш се организира и реализира советување од страна на психологот/педагогот во училиштето.
- Активности со учениците и родителите/старателите што ги реализираат наставниците и раководителите на паралелка, согласно своите компетенции за работа со ученици и соработка со родители реализираат советување со учениците и нивните родители/старатели, индивидуално или групно. За случаите во кои активностите преземени од наставниците и раководителите на паралелка не дале резултати (недоволна комуникација со родителите, не соработуваат во насока на надминување на состојбата, нема подобрување на однесувањето, успехот или редовноста кај учениците), раководителите на паралелките писмено го информираат училишниот психолог, односно педагогот. При тоа раководителот на паралелка/наставникот го информира стручниот соработниk за преземените активности. За советувањата на родителите/старателите и учениците, се води уредна документација, по потреба се известуваат надлежните институции, се следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Истите советувања резултираат со подобрување на постигањата на учениците и придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

- За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат истражувања, активни методи на работа во групи, работа во парови, изведбени активности, разговори, дискусии, презентации, демонстрации, употреба на ИКТ како и нови сознанија добиени од посета на семинари и обуки. Со тоа часовите се организирани, комуникацијата е поголема и не се прави разлика според пол и националност, со исклучок при одредени спортски натпревари помеѓу машки и женски екипи. Со годишната програма за работа на училиштето, наставниците изготвуваат и програма за дополнителна и додатна настава. Наставната програма ја прилагодуваат според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето има изработено распоред за дополнителна настава кое е истакнат на видно место во училиштето.
- Додатна настава посетуваат ученици кои имаат потреба од проширување на сопствените знаења, а дел се подготвуваат за учество на натпревари. Наставниците ги идентификуваат учениците кои покажуваат посебен интерес и постигнуваат високи резултати во наставата и ги информираат родителите или учениците за можноста ученикот да посетуваат додатна настава и за распоредот за истата. Наставната програма за додатна настава ја приспособуваат за да им овозможам на учениците да ги продлабочат своите знаења, земајќи ги во предвод нивните предлози и интереси. Не сите наставници имаат доволно поддршка и ресурси за квалитетна реализација на додатната настава. Мал дел од родителите односно 41.7% тврдат дека во училиштето се организира додатна настава само по некои наставни предмети. Училиштето има изработено распоред за додатна настава кое е истакннат на видно место во училиштето.
- За одредени наставни содржини кои не се доволно усвоени се организира дополнителна настава по секој предмет која им помага на учениците полесно да го совладаат наставниот материјал. Наставниците ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал и ги информираат родители/старатели или учениците за потребата ученикот да посетува дополнителна настава како и за распоредот за истата. Дополнителната настава им помага на учениците за полесно совладување на одредени наставни содржини кои не се доволно усвоени. Најголемиот број ученици на кои им е посочено да посетуваат дополнителна настава доаѓаат на истата. Мал дел од родителите односно 41.7% тврдат дека во училиштето се организира дополнителна настава само по некои наставни предмети.

**Силни страни**

- Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди.
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.
- Секое тримесечје се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечје или со претходната учебна година.
- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.
- Училиштето ги идентификува учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со попреченост, како и учениците со емоционални потешкотии и/или социјално загрозени согласно интерните процедури, има формирано тимови и дава континуирана поддршка на учениците во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности и подобрување на постигањата.
- Училиштето редовно ги известува родителите/старателите за постигањата на учениците.
- Спроведува советувања на ученици и на родители/старатели има за цел да ја унапреди добросостојбата на учениците.

**Слаби страни**

- Мал дел од родителите тврдат дека во училиштето се организира додатна настава само по некои наставни предмети.

| |
|---|
| ● Мал дел од родителите тврдат дека во училиштето се организира дополнителна настава само по некои наставни предмети.<br>● Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на часовите според индивидуалните потреби на учениците, но помал дел од родителите се сложуваат дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на часовите според индивидуалните потреби на учениците. |
| **Приоритети**<br>● Подобрување на начинот на организирање и реализирање на додатна настава.<br>● Подобрување на начинот на организирање и реализирање на дополнителна настава.<br>● Информирање на родителите/старателите за прилагодувањата на задачите и активностите според индивидуалните потреби на учениците. |

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Според анализите од дигиталните анкети за вработени, наставници и ученици и користените извори на податоци може да се заклучи следново:<br>● Имиџот и угледот на училиштето е препознатлив според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на истото.( атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка поголем број односно 47.6% се изјасниле дека целосно се согласуваат на ова прашње, дел од нив- односно 47.6% дека се согласуваат)<br>● Постои професионална соработка помеѓу вработените што се изразува со тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите. (71.4% се изјасниле дека целосно се согласуваат, а останатите 28.6% дека се согласуваат.)<br>● Работењето според ИБ програмата допринесува за афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. односно целосно се согласуваат 28,1% од родителите.<br>● Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. (во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно со „се согласувам“ одговориле 45,5% и со „целосно се согласувам“ 45,% одговориле учениците).<br>● Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба.<br>● Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури кои учествуваат во училишниот живот.( училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици со „се согласувам“ одговориле 27,3% и со „целосно се согласувам“ 49,4% од учениците). Тоа ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Со своето работење и ентузијазам наставниот кадар придонесува за афирмација на училиштето, а вработените и учениците се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето става голем акцент во промовирање на личните постигнувањата на учениците. Како показател за успешно реализираната воспитно –образовна дејност во нашето училиште освен постигнатиот успех на учениците се и постигнатите резултати на наши ученици како на општинските така и на регионалните и државни натпревари.<br>● Училиштето добро се справува со дисциплината според изјавите на родителите/старателите (се согласувам“ одговориле 40,3% и со „целосно се согласувам“ 17,9%), а според одговорите на учениците („се согласувам“ одговориле 45,2% и со „целосно се согласувам“ 41,9%).<br>● Според анализите од анкетираните наставници, родители и ученици и други извори на податоци, Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и |

почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Наставниците целосно се согласуваат или се согласуваат (73,8%)дека реализираат работилниците за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, На часовите по македонски јазик,општество,историја и општество, граѓанско образование и одделенски час учениците се запознаваат со Конвенцијата за правата на детето како документ со кој се заштитени нивните права.Учениците на часовите од споменатите предмети се оспособуваат да ги практикуваат своите права и да ги препознаваат ситуациите на нивно прекршување.

- Според одговорите од интервјуто со стручна служба на прашања за Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител може да се заклучи дека значаен придонес во промовирањето и застапувањето на правата и интересите на учениците има демократски избраниот Ученички парламент.Во нашето училиште има воспоставено модел на Ученик правобранител и негови заменици,чија функција е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.(извор записници од средби на ученички парламент). Во училиштето се почитуваат правата на децата од страна на сите вработени, а учениците, родителите и старателите се запознаени со правата на децата преку разни работилници(извор анкета на наставници). Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги промовираат и застапуваат правата и интересите на учениците,информирајќи ги сите ученици како да ги практикуваат своите права и да препознаат ситуации на прекршување на истите. Во училиштето се превземаат и повеќе активности за промовирање на детските права преку одбележување Детска недела во месец Октомври, Светскиот ден на детето. (извор записи во електронски дневници на паралелките).Во борбата против насилството се вклучени сите страни како и најразлични институции. Многубројните спроведени едукативни работилници и предавање од страна на стручната служба значително придонесуваат за превенција на насилството и изнаоѓање начини за ненасилно решавање на конфликти. Учениците ги користат различни механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.Во одделението/училиштето учениците имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат.Учениците се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето.Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици и учениците знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. 85% од учениците кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник.(овие ставови се поткрепени од анализа на анкетата со ученици)
- Наставниот кадар промовира еднаквост и правичност кај сите ученици со цел поттикнување и почитување на вистинските вредности, како и градење на позитивни ставови во карактерот на учениците уште од раната возраст. Сите ученици во училиштето се третираат еднакво и правично.За да се овозможи тоа постојат пишани документи како правилници, процедури, кодекси. Секој ученик има слобода на изразување на своето мислење.Учениците можат да препознаат ситуации на дискриминација, предрасуди и стереотипи, можат да се справат со такви ситуации и да покажат толеранција и соодветна комуникација. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата. Во нашето училиште сите ученици се вклучени во слободни ученички активности и на сите им се дава можност да учествуваат на различни конкурси, натпревари. Стручната служба преку реализација на своите програмски содржини придонесува учениците да учат како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост.
- Учениците без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети,

можности и вештини. Мултикултурализмот е застапен и во самите наставни програми и училиштето постојано води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и покрај тоа што бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.

- Соработката на училиштето со родителите е транспарентна, постојана и јавна. Нашето училиште превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа . Училиштето ги потикнува родителите на соработка преку учество во Советот на родители, Училишниот одбор, организирање на родителски средби, приемни денови, заеднички активности, едукативни и креативни работилници. Училиштето организира најмалку пет родителски средби кога родителите се запознаваат со постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците, како и дополнителни и индивидуални родителски средби за решавање на актуелни прашања. Информациите што се однесуваат на сите аспекти на работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности, нивото на постигнувањата на учениците, се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Училиштето бара и ги почитува мислењата на родителите. Родителите пак, се чувствуваат добредојдени во училиштето и прифатени од вработените во училиштето.(од анализата на анкетите со наставници, родители
- Училиштето остварува соработка со урбаната заедница во рамките на законската регулатива. Соработува со организации и институции од урбаната заедница кои се одвиваа континуирано преку посети, организирани натпревари и заеднички манифестации. Училиштето промовира инклузивност и мултиетничка интеграција, промовира и прифаќа вклучување на волонтери во наставните и вонаставните активности според разгледаните извори на податоци Интернет- страница на училиштето записници и одлуки од состаноците на училишен одбор, документација за добиени спонзорства и донации.
- Наставниот кадар и стручната служба става значаен акцент на првенција и заштита од насилство. За време на одделенските часови се реализираат тематски работилници од Животни вештини за спречување на насилство, мирно решавање конфликти, развивање емпатија и сл. Преку различни работилници со стручна служба се промовира ненасилното однесување. Сите работилници од страна на стручна служба се планирани во Програмата за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Секој раководител на почетокот на секоја учебна година го презентира на родителите на првата родителска средба. Истиот документ е истакнат/објавен на ВЕБ страната на училиштето со име и презиме на контакт лицето за пријавување. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството во училиштето се намалуват.
- Училиштето има донесено документ на Наставнички совет „Промоција на добросостојба на учениците преку промоција на здрав живот без пороци со план за превенција од зависности“ и во самиот документ има план за работа на годишно ниво, а го реализира Тимот за грижа за здравјето и релиазација на едукативни теми за здравје за што овој Тим изготвува

полугодишен и годишен извештај. Покрај ова во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Квалитетот на храната на училишната кујна е на завидно ниво Во училиштето се води кампања за здрава исхрана, учениците често имаат активности кои промовираат здравата храна, а исто така имаат практични наставни и вонанаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија и како здраво да се хранат. Учениците имаат практични и стручни предавања од Институции, Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести. Сепак, има големи забелешки од страна на наставниците, родителите и учениците за нивото на хигиената во училиштето.
- По извршените истражувања дојдовме до заклучок дека во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Училиштето има и физичко обезбедување кое беспрекорно си ја врши својата работа и придонесува учениците и сите вработени да се чувствуваат безбедни. Безбедноста била, е и секогаш ќе биде врвен приоритет во училиштето, а затоа говори и фактот на одговорот на 90,9% кои целосно се согласуваат, од анкетираните.
- Во училиштето постои процедура за обезбедување на материјални средства и /или ослободување од одредени давачки за учениците од семејства кои се социјално загрозени донесен на Наставнички совет. Паралелно дококу се појават ризици по однесување, булинг или емоционални потешкотии и потешкотии во учењето се вклучува со соодветна поддршка и интервнција и стручната служба. Во однос на прашањето за грижата на учениците од социјално загрозените семејства 90,9% од анкетирани целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за овие семејства. Постои процедура за грижа и поддршка на учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди и кои подолго отсуствуваат од настава донесени на Наставнички совет и согласно најновите измени на ЗОО од март 2025. Здравјето пред се – парола која и вистински се практикува и е доказ од 95,5 % од наставниот кадар, кој целосно се согласува.
- Учениците многу често, па дури и секојдневно, кога чувствуваат потреба се обраќаат до стручната служба. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо -емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).
- Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење преку вонанаставни активности, работилници на стручната служба, работилници на одделенски час, на часовите по СИП, во индивидуална и групна работа согласно потребите на учениците со стручна служба, Работилници со родители и адолесценти преку Флориш активностите. Советување на родители и слично.
- Училиштето има Тим за професионална ориентација на учениците со свој акциски годишен план кој е составен дел од годишната програма за работа на училиштето. Со професионалната ориентација им помагаат на учениците да се одлучат каде да го продолжат образованието и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Со програмата за професионална ориентација им помагаат на учениците при

| |
|---|
| изборот на средното училиште, а при тоа изборот да биде во согласност со нивните особености, способности и афинитети. Ги поттикнуваме учениците активно да учествуваат и да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.<br>● Стручните соработници ги координираат класните раководители за да ги реализираат работилниците од програмата за образование за животни вештини кои што имаат за цел да ги поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, интереси, лични цели, вредности и вештини. Воедно, училиштето се грижи и за иднината на своите ученици и идни средношколци – со детални информации и презентирање на средни училишта, што го потврдуваат 95,5% од наставниците. 4,5% делумно се согласуваат. |
| **Силни страни**<br>● Училиштето има позитивна клима.<br>● Изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнат на видно место во училиштето и со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.<br>● Учениците во училиште се чувствуваат сигурно и безбедно.<br>● Учениците се прифатени и почитувани од наставниците и нивните соученици.<br>● Наставниците ги почитуваат потребите на учениците.<br>● Правилата во училиште важат подеднакво за сите ученици.<br>● Училиштето добро се справува со дисциплината на учениците.<br>● Училиштето има изработено правилник за изрекување на педагошки мерки по кој се постапува.<br>● Наставниот кадар  и педагошко психолошката служба покажуваат високо ниво на взаемно почитување и почитување кон сите ученици во училиштето и истото  се должи на добра соработка и взаемна доверба.<br>● Во училиштето е овозможен безбеден престој на учениците.<br>● Поведението е примерно кај сите ученици.<br>● Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги застапуваат правата и интересите на учениците и учествуваат во донесување на одлуки во областите каде што може да делуваат.<br>● Се негува духот на мултикултурализам и меѓуетничка соработка.<br>● Се преземаат мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави.<br>● Постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка помеѓу учениците и наставниците.<br>● Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности.<br>● Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата.<br>● Континуирано учениците се мотивираат за постигнување подобри резултати.<br>● Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.<br>● На родителите им се овозможува вклучување во наставните и воннаставните активности.<br>● Ги почитуваат ставовите и вредностите на семејствата на учениците. |

- Групните родителски средби се одржуваат на секое тримесечје, полугодие и на крајот од учебната година.
- Информирањето за училишни настани и активности е навремено.
- Родителите континуирано биле вклучени во активностите на училиштето.
- Претседателот на Советот на родители редовно свикува состаноци.
- Родителите добиваат писмени информации за важни теми поврзани со училиштето.
- Испитаниците сметаат дека училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ.
- Анкетираните испитаници сметаат дека училиштето одржува разни манифестации во кои земаат учество нашите ученици.
- Редовно и навремено наставниците ги информираат родителите/старателите за напредокот и поведението на нивното дете.
- Се воспоставува отворена и ефикасна комуникација со родителите/старателите.
- Редовно се вклучуваат родителите/старателите во активностите на училиштето и паралелката.
- Има соработка со родителите/старателите во решавањето на евентуалните проблеми и предизвици на учениците.
- Се организираат редовни родителски средби, но и индивидуални разговори со родителите/старателите.
- Се информираат родителите/старателите за начините на кои можат да го поддржат учењето на нивното дете дома.
- Постојано се создава атмосфера на доверба и меѓусебно разбирање со родителите/старателите.
- Училиштето гради позитивно партнерство со сите родители/старатели.
- Училиштето секогаш се претставува во позитивно светло во урбаната заедница и општината.
- Наставниците спроведуваат заеднички проекти, активности и организирање од интерес на училиштето и општината.
- Се организираат различни настани, акции, базари, проекти, работилници, предавања на кои родителите земаат активно учество и придонесуваат за успешно реализирање на наставниот процес, воннаставните активности и општествено-корисна работа во училиштето.
- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилство.
- Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.
- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства.
- Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје.
- Училиштето постојано соработува со родителите во разрешувањето на разни ситуации со учениците.

**Слаби страни**

- Родителите не придонесуваат доволно за развојот на кодесот на однесување и негово ажурирање.
- Поголемо поттикнување на учениците за почитување на Кодексот на однесување од страна на наставниците како носители на овие активности.
- Тековно и навремено објавување на настаните на веб страната.
- Приемните денови со предметните наставници не се почитуваат во целост.
- Подобрување на хигиената во училиштето.*Треба да се земе предвид дека во учебната 2024/ 2025 во училиштето учат и ученици од предметна настава од ООУ„ Блаже Конески “ Училиштето работи двосменски и за да може хигиената да биде на високо ниво треба да се зголеми бројот на технички персонал.
- Во училиштето е изготвен протокол за заштита и превенција од насилство, но истиот не е доволно презентиран пред родителите и родителите имаат мало познавање на постоење на истиот. Родителите на учениците од одделенска настава не придаваат големо значење на протоколот бидејќи оваа појава на таа возраст е поретка.
- Во однос на квалитетот на храната дел од родителите не се задоволни, со оглед на тоа дека ја немаат вкусено храната и нивните одговори сметаме дека се субјективни. Храната често пати е контролирана од претставници од Совет на родители и истите имаат дадено позитивно мислење за истата.

**Приоритети**

- Поголема вклученост на родителите во ажурирање на кодексот на однесување во училиштето.
- Соработка со училишта на меѓународно ниво.
- Да се зголеми бројот на индивидуални средби со родителите.
- Да се подобри нивото на хигиена во училиштето.
- Секој класен раководител на првата родителска средба да го презентира Протоколот за превенција и справување со насилство . Да укаже дека истиот е поставен на веб страната на училиштето и дека при појава на било каков вид на насилство задолжително се постапува по истиот.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на УО е јасно дефинираниа со Деловникот за работа на УО, тој се избира јавно, демократски и квартално го следи трошењето на буџетот со цел да има целосен увид во потрошените финансиски средства. Раководниот орган има визија за развојот на училиштето, професионалниот развој на наставниците и унапредувањето на наставата и оценувањето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедувањеквалитет. Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности и планира навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на истите. Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од пет книги по ученик, има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива.
- Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја

| |
|---|
| следат работатат на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие, за што се дава повратна иформација. Вработените активно учествуваат во креирањето и остварувањето на целите на училиштето со севкупното работење (изготвување и целосна реализација на наставниот план и програма како и наставните цели, меѓусебна соработка и споделување идеи и искуства, организирање и учество на презентации, работилници и приредби, натпревари, обуки, состаноци). Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на планирање на целите и нивното поставување се вклучени наставниците ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.<br>● Училиштето има изготвен годишен финансиски план кој секоја година се ревидира за тековната календарска година. Во случај на потреба од дополнителни средства, се врши ребаланс на планот.<br>● Целиот извештај е донесен врз основа на анкетни прашалници, интервјуа, записници, извештаи, увиди. |
| **Силни страни**<br>● Силна страна на раководниот орган се одржувањето добри односи помеѓу сите учесници во наставата, промовира и поддржува тимска работа. Овозможува демократска размена на мислења, почитува мислења при одлучувањето и ги стимулира стручните активи да се насочат кон професионален развој. Во соработка со одговорните на стручните активи ги идентификува потребите од нагледни средства и потрошен материјал и навремено ги набавува.<br>● Во училиштето постојат услови за демократско одлучување.<br>● Соработката со сите субјекти во училиштето е добра.<br>● Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето.<br>● Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет.<br>● Во процедурите за креирање на училишна политика на училиштето се вклучени сите релевантни учесници. |
| **Слаби страни**<br>● Ставовите, мислењата и предлозите на Советот на родители не секогаш се целосно земани во предвид при донесувањето на одлуки на УО.<br>● Развивање на соработка со поединци и компании за добивање на донации. |
| **Приоритети**<br>● Ставовите, мислењата и предлозите на Советот на родители не секогаш се целосно земани во предвид при донесувањето на одлуки на УО.<br>● Развивање на соработка со поединци и компании за добивање на донации. |

## Предлог - мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Организирање посети и заеднички проекти со ученици кои учат во училишта на различни јазици од јазикот на кој се учи во нашето училиште.
- Организирање посети и заеднички активности со различни институции во државата и на меѓународно ниво.
- Вклученост на учениците во предлог  избор на активности за додатна настава.
- Вклучување на родителите во ажурирање на кодексот на однесување на учениците преку давање предлози на родителските средби на почетокот на учебната година.

- Поголема снабденост со средства за чистење и хигиена во училиштето и поголема достапност на хигиенски материјали за учениците.
- Секој класен раководител на првата родителска средба да го презентира новиот Правилник за пријавување и заштита на ученик жртва на било кое од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и да укаже дека истиот е поставен на веб страната на училиштето.
- Организирање средби, настани и активности за соработка со поединци и компании за добивање на донации со цел подобрување на условите за работа во училиштето (пр. изградба на фискултурна сала, адаптирање и опремување на училишни простории, итн).

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

Жаклина Ристовска
Катерина Наумовска
Биљана Ќириќ
Билјана Мишева
Билјана Чулева

| **ПОДРАЧЈЕ 3 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
|---|---|---|
| **Собирање на податоци** | | |
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| •Годишна програма на училиштето<br>•Годишен извештај на училиштето<br>•Кодекс на однесување<br>•Куќен ред<br>•Анкети со наставници, родители и ученици<br>•Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во одделенскиот дневник и записници од наставнички совет<br>•Евиденција на стручните служебени извешти<br>•Статут на училиштето<br>•Правилник за оценувањето,напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето секогаш води сметка за промовирање на личните постигања на учениците. Училиштето е препознатливо според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Во училиштето се реализира меѓународната ИБ програма. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури кои учествуваат во училишниот живот. Тоа ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Со своето работење и ентузијазам наставниот кадар придонесува за афирмација на училиштето, а вработените и учениците се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето става голем акцент во промовирање на личните постигнувањата на учениците.<br>Како показател за успешно реализираната воспитно –образовна дејност во нашето училиште освен постигнатиот успех на учениците се и постигнатите резултати на наши ученици како на општинските така и на регионалните и државни натпревари.<br>Постигнувања на учениците имаат медиумска покриеност, се промовираат преку објави на социјалните мрежи – Facebook страната и Веб страната на училиштето, преку јавно информирање на наставнички совети и на страната на општбината<br>Учениците имаат учествувано и добиено награди на регионално, државно и меѓународно ниво преку индивидуални натпревари или групи натпреварувања кои се од јавен карактер. Училиштето води евиденција и за промовирање на личните постигања на учениците од разни предмети, ликовни конкурси, спортски натпревари.<br>Угледот и имиџот на учениците го подигнуваат и медиумите кои известуваат за позначајните активности.<br>(Доказ за релевантноста на информациите се спроведените интервјуа со директор и стручна служба)<br><br>➢ Од спроведената анкетна на ученици за училишна клима од IV одделение одговориле 29 (18,7%) од учениците,од V одделение одговориле 27 (17,4%) од учениците,од VI одделение одговориле 29 (18,7%) од учениците,од VII одделение одговориле 22 (14,2%) од учениците,од VIII одделение одговориле 27 (17,4%) од учениците и од IX одделение одговориле 29 (18,7%) од учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| педагошки мерки за учениците<br>•План за работа на одделенската заедница,<br>•План за работа на Ученичката заедница<br>•Записници од одржани состаноци на Ученичката заедница<br>•Записници од Наставнички совети<br>•Интервју од директор, педагог | |  |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) и реагира редовно во случај на прекршување на принципите и правилата вградени во овој кодекс. Во изработката на Кодексот на училиштето учествувале претставници од сите структури во училиштето.<br>Содржината на Кодексот на однесување се ажурира доколку настанат промени во правилниците.<br>**Анализа од анкетата за родители/старатели за кодексот на однесување во училиштето со родителите/старателите.**<br>➢ На прашањето „ Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето “со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 25 ( 18,5%) родители, со „Целосно не се согласувам“ одговориле 3 (2,2%),со „Не се согласувам“ одговориле 8 (5,9%) , со „Се согласувам“ одговориле 63 (46,7%) и со „Целосно се согласувам“ 38 (28,1%). |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>**Анализа од анкетата за ученици за кодексот на однесување во училиштето со ученици.**<br>➢ На прашањето „ Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно “со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 3( 1 , 9 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам“ одговориле 2 (1,3%),со „Не се согласувам“ одговориле 9 (5,8%) , со „Се согласувам“ одговориле 70 (45,5%) и со „Целосно се согласувам“ 70 (45,%).<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ На прашањето „ Имам множности да придонесам за развој / ажурирање на содржината на Кодексот на однесување  родителите ги дале следните одговори: Не знам / немам информација  - 35,8%, Целосно не се согласувам – 4.5%, Не се соглесувам – 14,2 %, Се согласувам – 32,1% и Целосно се соглесувам -14,2%   |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Училишна клима</td>
<td>Наставниот процес е организиран според сите педагошки стандарди и закони кои ги добиваме од БРО и се непроменливи. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивацијата на учениците. Сето тоа максимално им помага на учениците во развојот на нивната личност, користат и истите ги презентираат на отворен час пред своите колеги. За современи методи и настава наставниците имаат и обуки, понудени од БРО.<br>Учениците со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат на различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер<br><br>Анализа од анкетата за родители/старатели за училишната клима во училиштето со родителите/старателите.<br><br>➢ На прашањето „ Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците родителите ги дале следните одговори - „Не знам/ Немам информација “ одговориле 5 (3,7%) родители, со „Целосно не се согласувам“ одговориле 5 (3,7%),со „Не се согласувам“ одговориле 10 (7,4%) , со „Се согласувам“ одговориле 49 (36,3%) и со „Целосно се согласувам“ 68 (50,4%).<br><br><br><br><br>Анализа од анкетата за ученици за училишната клима во училиштето со ученици.<br><br>➢ На прашањето „ Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици со „Не знам/</td>
</tr>
</table>

Немам информација “ одговориле 3( 1 , 9 % ) ученици , „воопшто не се согласувам“ одговориле 2 (1,3%),со „Не се согласувам“ одговориле 7 (4,5%) , со „Се согласувам“ одговориле 56 (35,9%) и со „Целосно се согласувам“ 88 (56,4%).




- На прашањето: „ Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците “со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 4 (3%) родители, со „Целосно не се согласувам“ одговориле 6 (4,5%),со „Не се согласувам“ одговориле 13 (9,7%) , со „ Се согласувам“ одговориле 68 (50,7%) и со „Целосно се согласувам“ 44 (32,8%).




**Анализа од анкетата за ученици за училишната клима во училиштето со ученици.**

- На прашањето „ Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците“со „Не знам/

Немам информација “ одговориле 6( 3 , 9 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам“ одговориле 7 (4,5%),со „Не се согласувам“ одговориле 3 (1,9%) , со „Се согласувам“ одговориле 60 (38,7%) и со „Целосно се согласувам“ 79 (51,%).




**Анализа од анкетата за ученици за училишната клима во училиштето со ученици.**

- На прашањето „ Сакам да одам на училиште . “со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 7( 4 , 5 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам“ одговориле 17 (11%),со „Не се согласувам“ одговориле 27 (17,4%) , со „Се согласувам“ одговориле 60 (38,7%) и со „Целосно се согласувам“ 44 (28,4%).




**Анализа од анкетата за ученици за училишната клима во училиштето со ученици.**

- На прашањето „ Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 9( 5 , 8 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам“ одговориле 8(5,2%),со „Не се согласувам“ одговориле 20(12,9%) , со „Се согласувам“

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле 55 (35,5%) и со „Целосно се согласувам“ 63 (40,6%).<br><br> |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | ➢ Според евиденцијата на стручните служби може да се забележи дека во училиштето нема проблеми со одржување на редот и дисциплината, како резултат на одличната соработка меѓу: училиштето, учениците и родителите. Училиштето има изработено правилник за изрекување на педагошки мерки кој соодветно се применува и се води политика на навремено справување со евентуално несоодветно однесување на учениците и затоа не се забележува тренд на исклучување на ученици од училиштето.<br>➢ За учениците со несоодветно однесување по било која основа, одделенскиот раководител и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки според Правилникот за педагошки мерки од законот за основно образование.<br>➢ Во однос на надарените ученици, дел од наставниците посетуваа семинар за талентирани ученици и умеат да ги препознаат и да им помогнат во напредување на нивниот талент, а тоа се реализира во соработка со стручната служба.<br>➢ За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба . Работната атмосфера е присутна за време на наставата и воннаставните активности.<br><br>**Анализа од анкетата за родители/старатели за дисциплина во училиштето со родителите/старателите.**<br><br>➢ На прашањето: „ Училиштето добро се справува со дисциплината “со „Не знам/ Немам информација “ одговориле 4 (3%) родители, со „Целосно не се согласувам“ одговориле 13 (9,7%),со „Не се согласувам“ одговориле 40 (29,9%) , со „ Се согласувам“ одговориле 54 (40,3%) и со „Целосно се согласувам“ 24 (17,9%). |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br><br>**Анализа од анкетата за ученици за  дисциплина во  училиштето со ученици.**<br><br>➢ На прашањето „ Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме      “со „Не знам/ Немам информација  “ одговориле 3( 1 , 9 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам“ одговориле  3(1,9%),со „Не се согласувам“ одговориле 14(9%) , со „Се согласувам“ одговориле 70 (45,2%)  и со  „Целосно се согласувам“ 65(41,9%).<br><br><br> |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Најпрво учениците имаат можност да го кажат своето мислење кај наставникот каде направил дисциплински проблем, следно кај одделенскиот раководител, потоа кај својот родител и доколку се проследи кај стручната служба секако прво се сослушува тоа што тие имаат да го кажат во врска со случувањето.<br>Училиштето полека, но сигурно се доближува кон остварување на посакуваната цел: да стане поим и синоним за квалитет, како во локалната средина, така и пошироко.<br><br>**Анализа од анкетата за ученици за учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми во училиштето со ученици.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ На прашањето „ Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето "со „Не знам/ Немам информација " одговориле 4( 2 , 6 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам" одговориле 3(1,9%),со „Не се согласувам" одговориле 3(1,9%) , со „Се согласувам" одговориле 43 (27,7%) и со „Целосно се согласувам" 105(67,9%).<br><br>7. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.<br>155 одговора<br><br><br><br>**Анализа од анкетата за ученици за учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми во училиштето со ученици.**<br><br>➢ На прашањето „ Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици. "со „Не знам/ Немам информација " одговориле 5( 3 , 2 % ) ученици , со „воопшто не се согласувам" одговориле 13(8,4%),со „Не се согласувам" одговориле 18(11,7%) , со „Се согласувам" одговориле 42 (27,3%) и со „Целосно се согласувам" 76(49,4%). |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |



Опис/резиме на подрачјето

Имиџот и угледот на училиштето е  препознатлив според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на истото. Работењето според ИБ програмата допринесува за афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. Во училиштето има истакнати кодекси на однесување на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. . Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури кои учествуваат во училишниот живот. Тоа ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Училиштето како организациски систем има цел да ги образува учениците преку најразлични активности, но покрај образовната има и воспитна цел.

- Имиџот и угледот на училиштето е  препознатлив според многу добар квалитет на работење и постигнувањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на истото.( атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка поголем број односно 47.6% се изјасниле дека **целосно** се согласуваат на ова прашње, дел од нив- односно 47.6% дека **се согласуваат**)
- Постои професионална соработка помеѓу вработените што се изразува со тимска работа која придонесува за постоење на добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите. (71.4% се изјасниле дека **целосно** се согласуваат, а останатите 28.6% дека **се согласуваат**.)
- Работењето според ИБ програмата допринесува за афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. односно целосно се согласуваат 28,1% од родителите.
- Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. (во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно со „се согласувам“ одговориле 45,5%  и со  „целосно се согласувам“ 45,% одговориле учениците).

| |
|---|
| • Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба.<br>• Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури кои учествуваат во училишниот живот.( училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици со „се согласувам“ одговориле 27,3% и со „целосно се согласувам“ 49,4% од учениците). Тоа ја негува родовата сензитивност и мултикултурализмот. Со своето работење и ентузијазам наставниот кадар придонесува за афирмација на училиштето, а вработените и учениците се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето става голем акцент во промовирање на личните постигнувањата на учениците. Како показател за успешно реализираната воспитно –образовна дејност во нашето училиште освен постигнатиот успех на учениците се и постигнатите резултати на наши ученици како на општинските така и на регионалните и државни натпревари.<br>• Училиштето добро се справува со дисциплината според изјавите на родителите/старателите (се согласувам“ одговориле 40,3% и со „целосно се согласувам“ 17,9%), а според одговорите на учениците („се согласувам“ одговориле 45,2% и со „целосно се согласувам“ 41,9%). |
| **Силни страни**<br>➢ Училиштето има позитивна клима<br>➢ Училиштето има кодекс за однесување со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни<br>➢ Учениците во училиште се чувствуваат сигурно и безбедно<br>➢ Учениците се прифатени и почитувани од наставниците и нивните соученици<br>➢ Наставниците ги почитуваат и делуваат според потребите на учениците<br>➢ Правилата во училиште важат подеднакво за сите ученици<br>➢ Училиштето добро се справува со дисциплината<br>➢ Училиштето има изработено правилник за изрекување на педагошки мерки по кој се постапува |
| **Слаби страни**<br>➢ Родителите не придонесуваат доволно за развојот на кодесот на однесување и негово ажурирање |
| **Приоритети**<br>➢ Да се инволвираат повеќе родителите за развој на кодексот на однесување и негово ажурирање |

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>Прашалници за учениците и за родителите;<br>-Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција 2023-2024/2024-2025;<br>-Записници од наставнички совет 2023-2024/2024-2025; -Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.<br>-Записници од детска организација 2023-2024/2024-2025<br>-Анкети со ученици<br>-Интервју со стручна служба<br>-Годишен извештај на училиштето 2023-2024/ 2024-2025 | **Познавање и почитување на правата на децата** | Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Декларацијата за права на детето е императив според кој се водат сите вклучени во образовниот процес. На часовите по македонски јазик,општество,историја и општество, граѓанско образование и одделенски час учениците се запознаваат со Конвенцијата за правата на детето како документ со кој се заштитени нивните права.Учениците на часовите од споменатите предмети се оспособуваат да ги практикуваат своите права и да ги препознаваат ситуациите на нивно прекршување. Значаен придонес во промовирањето и застапувањето на правата и интересите на учениците има и демократски избраниот Ученички парламент.Во нашето училиште има воспоставено и модел на Ученик правобранител и негови заменици,чија функција е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки, жалби и претставки од учениците. Членовите на ученичкиот парламент им посочуваат на учениците во кои области од воспитно-образовниот процес може да делуваат и на тој начин да учествуваат во донесувањето одлуки во училиштето. Со многу бројните дебати и работилници што ги реализира Ученичкиот парламент тие го кажуваат своето мислење во однос на постоечките проблеми и даваат предлози за нивно решавање. Во училиштето се почитуваат правата на децата од страна на сите вработени, а учениците ,родителите и старателите се запознаени со правата на децата. Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги промовираат и застапуваат правата и интересите на учениците,информирајќи ги сите ученици како да ги практикуваат своите права и да препознаат ситуации на прекршување на истите.<br>Во училиштето се превземаат и повеќе активности за промовирање на детските права. Се одбележува денот на Детска недела во месец Октомври, каде првачињата даваат свечено ветување и стануваат членови на Детската организација,одбележување на Светскиот ден на детето во месец Ноември. По тој повод се изработуваат плакати,цртежи со детските права кои се изложуваат во холовите кај сите активи. Со цел да се намали насилното однесување во училиштето од секаков тип,а и целосно да се елиминира училиштето презема повеќе активности. Во борбата против насилството се вклучени сите страни како и најразлични институции. Многубројните спроведени едукативни работилници и предавање од страна на стручната служба значително придонесуваат за превенција на насилството и изнаоѓање начини за ненасилно решавање на конфликти. Училиштето е спремно да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Учениците се информираат за своите права, но и обврските кои тие права со себе ги носат. Училиштето континуирано ги запознава и родителите со правата и обврските на децата на редовните родителски средби организирани во текот на учебната година.<br>**Според направената анкета во која учествуваа (наставници,родители,ученици) се добија следниве податоци:** |

- На прашањето за наставниците –Дали ги реализираат работилниците за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, испитаниците одговорија - целосно се согласуваат 40.5%, се согласуваат 33,3%, не се согласуваат 16,7%, целосно не се согласуваат 2.4%, и не се согласуваат/ немаат информација 7.1% .




- На прашањето дали на учениците им укажуваат на различни механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, испитаниците одговорија ; Целосно се согласуваат 57.1%, се согласуваат 40.5%, и целосно не се согласуваат 2.4%




- На прашањето дали наставниците биле вклучени во активности за запознавање на правата на децата организирани од училиштето,испитаниците одговорија;
Целосно се согласуваат 20.3%, се согласуваат 22%, не се согласуваат 22%, целосно не се согласуваат 1.7%, и не знаат/немаат информација 33.9%.



- На прашањето дали мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, испитаниците одговорија; Целосно се согласуваат 25.4%, се согласуваат 25.4%, не се согласуваат 26.3%, целосно не се согласуваат 7.6%, и не знаат/немаат информација 15.3%

7. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

118 responses




- На прашалникот за ученици -Четврто одделение 11.8%, петто одделение 37.3%, шесто одделение 37.3%, осмо одделение 5.9%, и деветто одделение 7.8% .

1. Обележи во кое одделение си ученик

51 responses



- На прашањето дали во одделението/училиштето имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат, испитаниците одговорија; Целосно не се согласуваат 47.1%, се согласуваат 39.2%, не се согласуваат 5.9%, целосно не се согласуваат 3.9%, и не знаат/немаат информација 3.9% .




- На прашањето дали учениците се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето, испитаниците одговорија; Целосно се согласуваат 72.5%, се согласуваат 17.6%, не се согласуваат 3.9%, целосно не се согласуваат 2%, и не знаат/немаат информација 3.9%.



- На прашањето до учениците дали училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици,испитаниците одговорија- Целосно се согласуваат 56.9%, се согласуваат 27.5%, не се согласуваат 11.8%, целосно не се согласуваат 3.9% .

4. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици

51 responses




- На прашањето до учениците дали знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 56.9%, се согласуваат 35.3%, не се согласуваат 7.8%.

8. Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права

51 responses




- На прашањето до учениците - кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, испитаниците одговорија; Целосно се согласуваат 56.9%, се согласуваат 29.4%, не се согласуваат 3.9%, целосно не се согласуваат 5.9%, и не знаат/немаат информација 3.9%.

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Наставниот кадар промовира еднаквост и правичност кај сите ученици со цел поттикнување и почитување на вистинските вредности, како и градење на позитивни ставови во карактерот на учениците уште од раната возраст. Сите ученици во училиштето се третираат еднакво и правично.За да се овозможи тоа постојат пишани документи како правилници,процедури,кодекси. Секој ученик има слобода на изразување на своето мислење.Учениците можат да препознаат ситуации на дискриминација,предрасуди и стереотипи,можат да се справат со такви ситуации и да покажат толеранција и соодветна комуникација. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата. Во нашето училиште сите ученици се вклучени во слободни ученички активности и на сите им се дава можност да учествуваат на различни конкурси, натпревари. Стручната служба преку реализација на своите програмски содржини придонесува учениците да учат како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост.<br>Пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето, се применуваат и почитуваат и од страна на вработените и од учениците. Преку интервјуа, анонимни анкети, утврдено е дека најголем дел од учениците ги знаат своите права и дека нивните права се почитуваат од страна на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **По интервјуто со стручна служба на прашањето Како функционира Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги добив следниве одговори:**<br><br>-Ученичката заедница работи според однапред изготвена програма.Претседателите на секоја одделенска заедница редовно ги посетуваа закажаните состаноци.На истите тие ги истакнуваа проблемите на своите паралелки (учење,дисциплина,чување на училишниот инвентар,одржување на личната хигиена како и хигиената на просторијата во која престојуваат и сл.)<br><br>Претседателот на Ученичкиот парламент активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам,учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовка на годишната програма за работа, дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, учествува во евалуацијата на рабоитата на училиштето, преку свој претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествува во хуманитарни активности,еколошки активности и општествено корисна работа. Ученичкиот правобранител ги промовира детските права. Организира информативни настани, сумира евентуални поднесени поплаки и состојби со прекршување на правата на учениците во училиштето кои до сега не се пријавени.<br><br>**-Какви активности спроведуваат?**<br><br>Унапредување на ментално здравје преку работилници„Заеднички да создадеме поддржувачка и позитивна училишна средина“ со училишен психолог на теми /содржини за подобрување на добросостојбата и безбедноста на учениците во нашето училиште. Работилница со училишниот дефектолог на тема„Различни ,а исти“ по повод меѓународниот ден на лица со попреченост. Грижа за ментално здравје, техники за совладување со стрес, себенасочување и благодарноста како моќна емоција со училишен психолог. Дискусии за односот наставник-ученик и ученик-ученик. Разгледување на резултатите на постигнатиот успех на учениците за секој квартал од учебната година. Организирање на хуманитарни организации. Работилница за „ Сајбер булинг “ преку презентација со цел спречување на насилство.<br><br>**-Колку Ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители.**<br><br>Ученичкиот парламент се поканува на состаноците на Училишен одбор.<br><br>**-Колку ученици се обраќаат до Ученичкиот правобранител?** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поднесени обраќања и состојби за правата на учениците во училиштето досега не се пријавени.<br><br>**-Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?**<br><br>**А. Наведете примери за активности со родителите**<br><br>-Родителски средби,индивидуални средби, работилници со родители и од родители,предавања,заеднички воннаставни активности,базари,хуманитарни настани  и други манифестации,учество на родителите во инклузивните тимови.<br><br>Б**. Примери на поддржани иницијативи на родители**<br><br>-Сите реализирани примери на активности со родители се содржани во полугодишните и годишните извештаи за работа на училиштето.<br><br>**Како училиштето соработува со заедницата?**<br><br>**А. Наведете примери со активности и резултати од истите**<br><br>-Соработка со локалната заедница преку вклученост во сите настани и активности организирани од локалната заедница,соработка со здравствените установи,Црвен крст,МВР предавања,МЦСР ,меѓусебна соработка со локалните училишта.<br><br>• За првото прашање, дали учениците ги мотивираат да  учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес, испитаниците одговорија на следниот начин:<br>Целосно се согласуваат 81% , се согласуваат 16,7% , а не се согласуваат 2,4% . |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>• На прашањето дали наставниците соодветно реагираат на поплаките на учениците за еднаков третман, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 76.2%, и се соглаасуваат 23.8% .<br><br>• На прашањето дали различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучуваат во училишните активности, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 76.2%, и не се согласуваат 23.8 % . |




- На прашањето дали родителите/старателите ги поттикнуваат активно да се вклучат во активностите во училиштето, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 64.3%, се согласуваат 28.6%, не се согласуваат 2.4%, и не знаат/немаат информација 4.8%.




- На прашањето дали ги прифаќаат аргументарените идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 64.3%, се согласуваат 31%, не се согласуваат 2.4%, и не знаат/немаат информација 2.4% .

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>




- На прашањето дали учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се ос интерес на училиштето и заедницата, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 73.2%, и се согласуваат 26.8% .




- На прашањето дали нивнотот дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 58.8%, се согласуваат 26.1%, не се согласуваат 4.2%, целосно не се согласуваат 2.5%, и не знаат/немаат информација 8.4% .

</td>
</tr>
</table>




На прашањето дали вашето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол,етничка припадност,религиска припадносто и друго, испитаниците одговорија- Целосно се согласуваат 64.7%, се согласуваат 21%, не се согласуваат 5.9%, целосно не се согласуваат 1.7%, и не знаат/немаат информација 6.7%.




- На прашањето дали училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаковна учениците,испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 33.9%, се согласуваат 31.4%, не се согласуваат 12.7%, целосно не се согласуваат 5.1%, и не знаат/немаат информација 16.9%.

3. Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.

118 responses




- На прашањето дали училиштето добро се справува при појава на насилство,испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 24.6%, се согласуваат 33.1%, не се согласуваат 16.1%, целосно не се согласуваат 9.3%, не знаат/немаат информација 16.9%

4. Училиштето добро се справува при појава на насилство.

118 responses




- На прашањето дали училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 34.2%, се согласуваат 46.2%, не се согласуваат 7.7%, целосно не се согласуваат 1.7%, и не знаат немаат информација 10.3%.

5. Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.

117 responses




- На прашањето дали имаат еднакви можности за учество во активносите во училиштето,испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 60.8%, се согласуваат 31.4%, не се согласуваат 5.9%, и не знаат/немаат информација 2%.

5. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици

51 responses




- На прашањето дали имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите како и другите ученици,испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 70.6%, се согласуваат 27.5%, целосно не се согласуваат 2%

6. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.

51 responses




- На прашањето дали ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, испитаниците одговорија - Целосно се согласуваат 45.1%, се согласуваат 29.4%, не се согласуваат 9.8%, и не знаат/немаат информација 15.7%.

7. Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.

51 responses




Во периодот од две учебни години, за 23/24 и 24/25 година, организирани се повеќе активности и хуманитарни акции:

- Избор на ново раководство на Друштвото.
- Проучување на правилникот за работа на ПЦК.
- Обработка на поимот волонтирање.
- Одбележување на денот на детето.

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Грижа за чистотата и уредноста на учениците во училиштето<br>➢ Како да се заштитиме од променливото време и вируси-разговор.<br>➢ Одбележување на Детска недела.<br>➢ Учество во хуманитарна акција за донирање на конзервирана храна,хигиенски средства и финансиски донации за Црвениот крст<br>➢ Одбележување на Меѓународниот ден на детето<br>➢ Украсување на училиштето во новогодишен амбиент.<br><br>1. Одбележување на Недела против гладта од 16.10-20.10.2024 под мотото „Помислете на нас“ – во соработка со Црвен крст на РСМ<br><br>2. Хуманитарна акција од 27.3. до 10.4.2024. Хуманитарната акција беше во донирање на храна и хигиенски средства.<br><br>3. Учество на ученици од 8 одд.и 9 одд. за натпревар по Прва помош кој ќе се реализира на 19.05.2023. Сите активности се реализираат во соработка со Црвен Крст на РСМ.<br><br>Според разгледаните извори на податоци, во текот на учебната 2023/2024 и 2024/2025 година учениците од I до V одделение следеа настава со физичко присуство. Во текот на учебната 2023/2024 и 2024/2025 година организирани се многу работилници, од страна на стручната служба, меѓу кои работа со талентирани и надарени ученици, работа со ученици со посебни образовни потреби, психолошки советувалишта и поддршка на учениците. Одделенските и предметните наставници континуирано го следеа напредокот и постигањата на учениците и редовно ги известуваа родителите на ученикот. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ги утврди одделенскиот совет, а родителот на ученикот се информираше преку евидентен лист и родителски средби. За успехот на ученикот се изготвени евидентни листови. Родителите /старателите имаа пристап до сите информации за работата на училиштето. Комуникацијата со родителите се одвива доста успешно преку повеќе различни методи за комуникација и со тоа се активно вклучени во целокупното функционирање на училиштето и го даваат својот придонес за подобрување на воспитно-образовниот процес и условите за работа во него.Родителите /старателите постојано добиваат поддршка т.е. совети и консултации од страна на стручните соработници доколку има потреба од тоа.<br>Одделенските раководители ги реализираа работилниците од програмата за образование за животни вештини кои што имаат за цел да ги поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности и вештини. Во текот на учебната година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени тежнееа кон воспоставување и почитување на редот и дисциплина во училиштето од страна на учениците, како и создавање позитивна училишна клима во која секој ученик и вработен се чувствуваше сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките освен работна клима, наставниците придонесуваа и за создавање на опуштена и поттикнувачка клима, а со своето однесување наставникот ги охрабрува учениците давајќи им поддршка и мотив за повисоки постигнувања. На почетокот на учебната 23/24 и 24/25 година, одделенските |

| | | |
|---|---|---|
| | | раководители ги запознаа учениците и родителите со правилата и должностите на однесувањето, со интерниот акт и сите кодекси на однесување и со протоколот за заштита од насилство, донесен согласно најновото упатсво на МОН. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. И оваа година се изготви распоред, кој без исклучок се следеше и спроведува. Следењето на дисциплината за време на одморите се вршеше во ходниците, училниците и секако во училишниот двор. Почитувањето на правилата на однесување во училиштето доведе до одлична дисциплина и ред на сите кои работат и престојуваат во училиштето. Дисциплината во училиштето е на високо ниво, со тенденција сме тоа да се задржи. Се запазува времето на доаѓање на персоналот и на учениците. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства.<br>Како првенец на генерација во учебната 2023-2024 година избран е ученикот Марко Јанкуловски, а во учебната 2024-2025 година е избран ученикот Матеј Тодоровски.<br>Во текот на учебната 2023-2024 година, поради нарушување на дисциплината и нередовност изречени се вкупно 24 педагошки мерки, од кои 15 усни опомени,12 писмена опомена и 7 укори. Направени се вкупно 33.707 изостаноци, од кои 32.784 оправдани и 923 неоправдани.<br>Во текот на учебната 2024/2025 година, поради нарушување на дисциплината и нередовност изречени се вкупно 22 педагошки мерки, од кои 16 усни опомени,6 писмени упомени. Направени се вкупно 32.432 изостаноци, од кои 32.276 оправдани и 156 неоправдани . |

Опис/резиме

- Според анализите од анкетираните наставници, родители и ученици и други извори на податоци, Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. Наставниците целосно се согласуваат или се согласуваат (73,8%)дека реализираат работилниците за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, На часовите по македонски јазик,општество,историја и општество, граѓанско образование и одделенски час учениците се запознаваат со Конвенцијата за правата на детето како документ со кој се заштитени нивните права.Учениците на часовите од споменатите предмети се оспособуваат да ги практикуваат своите права и да ги препознаваат ситуациите на нивно прекршување.
- Според одговорите од интервјуто со стручна служба на прашања за Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител може да се заклучи дека значаен придонес во промовирањето и застапувањето на правата и интересите на учениците има демократски избраниот Ученички парламент.Во нашето училиште има воспоставено модел на Ученик правобранител и негови заменици,чија функција е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.(извор записници од средби на ученички парламент). Во училиштето се почитуваат правата на децата од страна на сите вработени, а учениците, родителите и старателите се запознаени со правата на децата преку разни работилници(извор анкета на наставници). Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги промовираат и застапуваат правата и интересите на учениците,информирајќи ги сите ученици како да ги практикуваат своите права и да препознаат ситуации на прекршување на истите.
  Во училиштето се превземаат и повеќе активности за промовирање на детските права преку одбележување Детска недела во месец Октомври, Светскиот ден на детето. (извор записи во електронски дневници на паралелките).Во борбата против насилството се вклучени сите страни како и најразлични институции. Многубројните спроведени едукативни работилници и предавање од страна на стручната служба значително придонесуваат за превенција на насилството и изнаоѓање начини за ненасилно решавање на конфликти. Учениците ги користат различни механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се

почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.Во одделението/училиштето учениците имаат донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваат.Учениците се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето.Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици и учениците знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. 85% од учениците кога имаат потреба од помош можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник.(овие ставови се поткрепени од анализа на анкетата со ученици)

- Наставниот кадар промовира еднаквост и правичност кај сите ученици со цел поттикнување и почитување на вистинските вредности, како и градење на позитивни ставови во карактерот на учениците уште од раната возраст. Сите ученици во училиштето се третираат еднакво и правично.За да се овозможи тоа постојат пишани документи како правилници, процедури, кодекси. Секој ученик има слобода на изразување на своето мислење.Учениците можат да препознаат ситуации на дискриминација, предрасуди и стереотипи, можат да се справат со такви ситуации и да покажат толеранција и соодветна комуникација. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата. Во нашето училиште сите ученици се вклучени во слободни ученички активности и на сите им се дава можност да учествуваат на различни конкурси, натпревари. Стручната служба преку реализација на своите програмски содржини придонесува учениците да учат како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост.

- Учениците без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини.

- Мултикултурализмот е застапен и во самите наставни програми и училиштето постојано води сметка за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и покрај тоа што бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал, овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.

**Силни страни**

- Наставниот кадар и педагошко психолошката служба покажуваат високо ниво на взаемно почитување и почитување кон сите ученици во училиштето и истото се должи на добра соработка и взаемна доверба.
- Во училиштето е овозможен безбеден престој на учениците
- Поведението и дисциплината се на соодветно ниво
- Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ги застапуваат правата и интересите на учениците и учествуваат во донесување на одлуки во областите каде што може да делуваат
- Се негува духот на мултикултурализам и меѓуетничка соработка.
- Се преземаат мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави.
- Постои взаемна подршка и клима на отвореност за соработка помеѓу учениците и наставниците
- Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности
- Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата
- Добра училишна клима меѓу вработените во училиштето и меѓу учениците
- Континуирано учениците се мотивираат за постигнување подобри резултати
- Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.
- Изготвен Кодекс на однесување на наставниците и учениците истакнат на видно место во училиштето
- На родителите им се овозможува вклучување во наставните и воннаставните активности

| |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>➢ Поголемо поттикнување на учениците за почитување на Кодексот на однесување од страна на наставниците како носители на овие активности<br>➢ Тековно и навремено објавување на настаните на веб страната |
| **Приоритети**<br><br>➢ Посебен акцент на воспитната компонента кај учениците.<br>➢ Соработка со училишта на меѓународно ниво. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| **Извори на податоци**<br>Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br><br>Записници од советот на родители и родителски средби;<br><br>Анкети со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br><br>Педагошка евиденција и документацијата | **Соработка на училиштето со родителите/ старателите** | Соработката на училиштето со родителите е транспарентна, постојана и јавна. Нашето училиште превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа . Училиштето ги потикнува родителите на соработка преку учество во Советот на родители, Училишниот одбор, организирање на родителски средби, приемни денови, заеднички активности, едукативни и креативни работилници. Училиштето организира најмалку пет родителски средби кога родителите се запознаваат со постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците, како и дополнителни и индивидуални родителски средби за решавање на актуелни прашања. Информациите што се однесуваат на сите аспекти на работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности, нивото на постигнувањата на учениците, се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Училиштето бара и ги почитува мислењата на родителите. Родителите пак, се чувствуваат добредојдени во училиштето и прифатени од вработените во училиштето.<br>**Анализа од анкетата за родители/старатели за соработката на училиштето со родителите/старателите.**<br>• Индивидуални средби со родителите се организираат редовно за решавање на конкретни ситуации и проблеми – од анкетата 33.3% од испитаниците целосно се согласуваат, 26.1% делумно се согласуваат, а 40.6% не се согласуваат. |
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | **Соработка со општината и со урбаната заедница**<br>Училиштето остварува соработка со урбаната заедница во рамките на законската регулатива. Соработува со организации и институции од урбаната заедница кои се одвиваа континуирано преку посети, организирани натпревари и заеднички манифестации. Училиштето промовира инклузивност и мултиетничка интеграција, промовира и прифаќа вклучување на волонтери во наставните и вонnаставните активности според разгледаните извори на податоци Интернет- страница на училиштето записници и одлуки од состаноците на училишен одбор, документација за добиени спонзорства и донации.<br>**Од направеното интервју со Директорот, Стручната служба и** |

| | | |
|---|---|---|
| (за општествено корисната работа, за јавно културната дејност);<br><br>Статут на училиштето;<br><br>Интернет-страница на училиштето;<br><br>Договори со деловната заедница;<br><br>Решение за именување на членовите на училиштен одбор;<br><br>Записници и одлуки од состаноците на училишен одбор;<br><br>Организирани трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на деловната заедница;<br><br>Документација | | **Претставници од урбаната заедница и општината, донесени се следниве заклучоци:**<br><br>Соработката со родителите се поттикнува преку организирање на различни настани, акции, базари, проекти, работилници, предавања на кои родителите земаат активно учество и придонесуваат за успешно реализирање на наставниот процес, вonнаставните активности и општествено-корисна работа во училиштето.<br>Реализирани се бројни еко акции во кои родителите даваат придонес со донирање на садници (дрвца, цвеќиња), го разубавуваат училишниот двор со бројни креативни реквизити кои ќе им овозможат на учениците да го поминуваат слободното време на позабавен и поинтересен начин. Учествувале и во бројни проекти каде биле предавачи, обезбедиле ресурси кои им се потребни на учениците за успешно завршување на проектот. Во базарите изработувале голем број на креативни изработки (осмомартовски, новогодишни, велигденски) и со тоа дале придонес во обезбедување на средства за хумани цели.<br>Училиштето соработува со други образовни институции (училишта, гртадинки, средни училишта, факултет) и организации за размена на искуства преку заеднички проекти (пример Еразмус проект со градинка) каде се разменуваат и споделуваат искуства и се овозможува полесен премин на учениците од предучилишна во училишна средина на учење. Исто така, се организираат заеднички приредби, спортски натпревари и друг вид на натпревари по предметни области при што се развива другарски однос, пријателство, натпреварувачки дух. Се организираат проекти со збратимено училиште „Мустафа Кемал Ататурк“ каде се врши меѓуетничка интеграција и се развива соживот и соработка со ученици и вработени од друга етничка припадност. Соработка постои и со средни училишта кои вршат презентации на ученици за запшување во средно образование. Меѓународната програма што се организира во нашето училиште нуди можности за истражување, практична настава при што се соработува со урбаната заедница, општествено одговорни компании и други институции кои се поврзани со успешна реализација на наставата.<br>Следниот голем чекор што плнира да го направи училиштето за уште подобро образование и успех на учениците е континуирано поттикнување на учениците во натпревари на државно и меѓународно ниво, нивно вклучување во меѓународни проекти каде ќе се врши размена на искуства со ученици и наставници од други земји, дигитализација на училиштето со обезбедување на современи дигитални уреди за користење во наставата.<br>Учениците до сега се вклучени во бројни натпревари каде имаа постигнати високи резултати и тоа ќе продолжи и понатаму во континуитет стимулирајќи ги и мотивирајќи ги со уште поголеми знаења и достигнувања.<br>Училиштето да го задржи статусот на единствено државно училиште во кое се реализира меѓународна ИБ програма кое ќе нуди современ пристап во наставата во меѓународни рамки. Училиштето ќе креира работна средина каде учениците ќе развиваат профили и вештини на учење кои ќе ги применат во секојдневното живеење.<br>Голем интерес привлекуваат активности кои се насочени кон креативна настава и учење-еко денови и активности на терен (еко акции, посети поврзани со наставата). Родителите се вклучуваат во работилници кои се организираат по повод базари или еко денови, предавања од областа на нивната професија.<br>Училиштето остварува соработка со урбаната заедница во рамките на законската регулатива. Соработува со организации и институции од урбаната заедница кои се одвиваа континуирано преку посети, организирани натпревари и заеднички манифестации. Училиштето промовира инклузивност и мултиетничка интеграција, промовира и прифаќа вклучување на волонтери во наставните и вonнаставните активности според разгледаните |

| | | |
|---|---|---|
| за добиени спонзорства и донации;<br><br>Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција<br><br>Анкети за родители /старатели за соработката на училиштето со родители /старатели.<br><br>Анкети за наставници за соработката на училиштето со родители /старатели.<br>Интервју со **Директорот, Стручната служба и Претставници од урбаната заедница и општината** | | извори на податоци Интернет- страница на училиштето, записници и одлуки од состаноците на училишен одбор, документација за добиени спонзорства и донации (обновување на внатрешниот простор во училиштето со нов под, молерисување на ходници и санирање на тоалетите).<br>Најуспешниот заеднички проект кој е реализиран до сега во соработка со локалната заедница се проекти за подигнување на свест за селектирање на отпад, Екапитолијадата, предавања, работилници и презентации поврзани со кампањата „Стоп за насилството“ за превенција и заштита од секаков вид на насилство. Се организираше и хуманитарен настан за доделување на новогодипни пакетчиња на деца со ПОП, проект за доделување на таблети на ученици од четврто одделение.<br>Училиштето ја поттикнува соработката со родителите и заедницата преку организирање на заеднички прослави, приредби, изложби и други настани на кои како гости учествуваат претставници од локалната заедница и родителите. Се осмислуваат активности кои им се интересни и прифатливи на родителите како на пр. уредување на училишниот двор со катчиња за игра и учење во надворешниот простор на училиштето.На иницијатива на родители се донираат дрвца, цвеќиња, реквизити кои ги зададуваат или изработуваат во деновите кога имаме планирани заеднички акции со претходно најавување на ФБ страната на училиштето или писмени известувања по електронски пат. Училиштето бара и ги почитува мислењата на родителите. Родителите пак, се чувствуваат добредојдени во училиштето и прифатени од вработените во училиштето.<br>Позитивен пример за подобрување би ја истакнале ИБ изложбата во петто одделение која се реализира секоја учебна година пред публика од родители, претставници од локалната заедница и други посетители.<br>Секоја година изложбите се уникатни и професионално изработени од наставници, родители и ученици. Преку таквата соработка се создава поголема ефикасност во учењето и комуникацијата. |

Опис/резиме на подрачјето:

- Соработката на училиштето со родителите е транспарентна, постојана и јавна. Нашето училиште превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа . Училиштето ги потикнува родителите на соработка преку учество во Советот на родители, Училишниот одбор, организирање на родителски средби, приемни денови, заеднички активности, едукативни и креативни работилници. Училиштето организира најмалку пет родителски средби кога родителите се запознаваат со постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците, како и дополнителни и индивидуални родителски средби за решавање на актуелни прашања. Информациите што се однесуваат на сите аспекти на работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности, нивото на постигнувањата на учениците, се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Училиштето бара и ги почитува мислењата на родителите. Родителите пак, се чувствуваат добредојдени во училиштето и прифатени од вработените во училиштето.(од анализата на анкетите со наставници, родители
- Училиштето остварува соработка со урбаната заедница во рамките на законската регулатива. Соработува со организации и институции од урбаната заедница кои се одвиваа континуирано преку посети, организирани натпревари и заеднички манифестации. Училиштето промовира инклузивност и мултиетничка интеграција, промовира и прифаќа вклучување на волонтери во наставните и воннаставните активности според разгледаните извори на податоци Интернет- страница на училиштето записници и одлуки од состаноците на училишен одбор, документација за добиени спонзорства и донации.

**Силни страни**

- Ги почитуваат ставовите и вредностите на семејствата на учениците
- Групните родителски средби се одржуваат на секое тримесечје, полугодие и на крајот од учебната година
- Информирањето за настани и активности е навремено
- Родителите биле вклучени во активностите на училиштето
- Претседателот на Советот на родители редовно свикува состаноци
- Писмени информации за важни теми добиваат родителите
- Испитаниците сметаат дека училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ
- Анкетираните сметаат дека училиштето одржува разни манифестации во кои земаат учество нашите ученици
- Редовно и навремено наставниците ги информираат родителите/старателите за напредокот и поведението на нивното дете
- Се воспоставува отворена и ефикасна комуникација со родителите/старателите
- Се вклучуваат родителите/старателите во активностите на училиштето и паралелката
- Има соработка со родителите/старателите во решавањето на евентуалните проблеми и предизвици на учениците
- Се организираат редовни родителски средби и индивидуални разговори со родителите/старателите
- Се информираат родителите/старателите за начините на кои можат да го поддржат учењето на нивното дете дома
- Се создава атмосфера на доверба и меѓусебно разбирање со родителите/старателите
- Градаат позитивно партнерство со сите родители/старатели
- Се претстава училиштето во позитивно светло во урбаната заедница и општината
- Наставниците спроведуваат заеднички проекти, активности и организирање од интерес на училиштето и општината

Се организираат различни настани, акции, базари, проекти, работилници, предавања на кои родителите земаат активно учество и придонесуваат за успешно реализирање на наставниот процес, вонnаставните активности и општествено-корисна работа во училиштето.

**Слаби страни**

- Индивидуални средби со родителите не се организираат редовно.
- Во текот на учебната година не се реализираат неформални средби и разговори со родителите за секој проблем
- Приемните денови со предметните наставници

**Приоритети**

- Да се зголеми бројот на индивидуални средби со родителите.

| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани и заклучоци** |
| Кодекс на однесување;<br><br>куќен ред на училиштето; **набљудување на условите во училиштето**;<br><br>**протокол за превенција и заштита од**<br><br>**насилство**;<br><br>**анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците**;<br><br>педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br><br>записници од советувања; **извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на** | Превенција и заштита од насилство | **Наставници (број на испитаници: 44)**<br><br><br><br><br>Кога станува збор за активности за превенција на насилно и ненасилно решавање конфликти, наставничкиот кадар во нашето училиште-од анкетирани вкупно 44 наставници, голем процент (84,1%) се вклучени во активно едуцирање на учениците и постигнување на саканиот ефект, 9,1% делумно спроведуваат активности и 6,8% анкетирани не се согласуваат со ова тврдење.<br><br><br><br><br>Уште поголем е процентот (95,5%) на наставници кои директно работат со ученици кои се директни учесници со врсничко насилство и негова превенција.<br><br>**Родители (број на испитаници: 149)**<br><br><br><br><br>Иако во училиштето е донесен училишен протокол за превенција и постапување во случаи на насилство, мал е бројот на родители кои се запознаени со истиот (30,2%) или само делумно се запознаени (38,9%). 30,9% не се запознаени со протоколот. Според истражувањата ова се должи на анкетирани родители од 1-9 одд. Во помалата возраст оваа појава е ретка и не се придава значење на информацијата за донесениот протокол. |

| | | |
|---|---|---|
| **родители и родителски**<br><br>**средби**;<br><br>анкети и **интервјуа со** директорот, родителите, наставниците и со **стручните соработници**; педагошка евиденција и<br><br>документацијата;<br><br>организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за<br><br>теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените **активности за**<br><br>**професионална ориентација;** | | Очекувано, сличен е и одговорот при спроведување на активности базирани врз протоколот и процентот е скоро идентичен со првото прашање.  32,9% целосно се согласуваат, 51% делумно се согласуваат и 16,8% не се согласуваат.<br><br><br><br><br><br><br><br>Согласно изнесеното, и претставата на родителите за тоа како училиштето се справува со појава на насилство, е идентична со познавањето на донесените правила од протоколот: само 27,5% се согласуваат, делумно се согласуваат 51% и не се согласуваат се 21,5%.<br><br>**Ученици (број на испитаници: 113)**<br><br>66,4% од учениците се чувствуваат безбедно и сигурно во училиштето, 30,1% делумно се согласуваат и 5,3 не се согласуваат.<br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| **фокус групи со ученици и родители** | | Во голем процент (80,5%) знаат како да проценат и како да постапат при врсничко насилство.  16,8% делумно се согласуваат и 2,7% не се согласуваат.<br><br>2. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.<br>113 responses<br><br><br><br>Голем е бројот на ученици (68,1%) кои тврдат дека работат во училиште на решавање на конфликти и спречување врсничко насилство. 25,7% делумно се согласуваат и 6,2% не се согласуваат.<br><br>3. Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство.<br>113 responses<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Многу добро**<br><br>Наставниот кадар и стручната служба става значаен акцент на првенција и заштита од насилство. За време на одделенските часови се реализираат тематски работилници од Животни вештини за спречување на насилство, мирно решавање конфликти, развивање емпатија и сл. Преку различни работилници со стручна служба се промовира ненасилното однесување. Сите работилници од страна на стручна служба се планирани во Програмата за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Секој раководител на почетокот на секоја учебна година го презентира на родителите на првата родителска средба. Истиот документ е истакнат/објавен на ВЕБ страната на училиштето со име и презиме на контакт лицето за пријавување. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.<br><br>Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.<br><br>По преземените активности, насилството во училиштето се намалуват. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во делот на реализација на работилници за превенција од пушење, алкохол и дрога, процентот на активно учество е на 56,8%, од причина што одговорите се однесуваат и за одделенски (кои работат со мали ученици) и за предметни наставници. 25% делумно се согласуват и 18,2% не се согласуваат.<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Родителите се во ист процент на оние кои се задоволни (40,9%) или делумно задоволни (40,3%) и не се согласуваат со тврдењето (20,1%) за преземени мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога – што според бројката, наведува на заклучок дека родителите ги немаат (или не ги согледуваат) сите информации кои им се презентираат на учениците од страна на наставниците. |




Едукацијата за штетните супстанци е вистински застапена меѓу учениците, а учениците учествуваат и во многу работилници кои се организираат од страна на стручната служба.

65,6% целосно се согласуваат, 14,2% делумно се согласуваат и 21,2% не се согласуваат.




**Многу добро**

Училиштето има донесено документ на Наставнички совет „Промоција на добросостојба на учениците преку промоција на здрав живот без пороци со план за превенција од зависности“ и во самиот документ има план за

<table>
<tr><td></td><td></td><td>работа на годишно ниво, а го реализира Тимот за грижа за здравјето и релиазација на едукативни теми за здравје за што овој Тим  изготвува  полугодишен и годишен извештај. Покрај ова во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.</td></tr>
<tr><td></td><td>Квалитет на достапна храна</td><td>Дека квалитетот на храната е според пропишаните стандарди 75% анкетирани целосно се согласуваат, 25% делумно се согласуваат и 0% не се согласуваат.




Само 24,8 % од родителите се задоволни од квалитетот на храната во мензата на училштето, а 40,3% не се задоволни.  34,9% делумно се согласуваат со ова. Сепак, има добра слика за водење на кампања на здрава исхрана. 33,6% целосно се согласуваат, 38,9% делумно се согласуваат и 28,9 не се согласуваат. За квалитетот на храната, како одделенски наставници секојдневно сме во можност да го следиме квалитетот на храната при користење на кујната од учениците и сведоци сме за високиот квалитет на истата, така што сметаме дека овој процент е добиен според лични вкусови на одредени ученици, односно според нивните навики и вкусови за храна во домашни услови.


</td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>



Многу добро<br>
Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Квалитетот на храната на училишната кујна е на завидно ниво Во училиштето се води кампања за здрава исхрана,  учениците често имаат активности  кои промовираат здравата храна, а исто така имаат практични наставни и вонnаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија и како здраво да се хранат.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Хигиена и заштита од болести</td>
<td>
Едно од загрижувачките прашања во нашето училиште е хигиената. Вкупниот процент на испитаници кои делумно се согласуваат дека хигиената е на високо ниво е 50% од анкетираните, целосно се согласуваат 27,3% и оние кои не се согласуваат се 22,7%.




Родители
</td>
</tr>
</table>




Истиот заклучок како и кај наставниците – родителите не се задоволни или делумно задоволни за хигиената во училиштето – дури 89,3% збирно. Само 10,7% се задоволни од хигиената.




Што се однесува за програмата за превенција на заразни болести, 26,8% се запознаени, 40,9% делумно се запознаени и 33,6% не се запознаени. Во однос на информираноста за постоење на лицата со сертификати за прва помош, 26,8% целосно се запознаени, 47% делумно се запознаени и 20,8% не се запознаени.

| | | |
|---|---|---|
| | | Загрижени се учениците околу хигиената во училиштето, 24,8% не се задоволни, 45,1% делумно се задоволни и 31% целосно се задоволни.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Учениците имаат практични и стручни предавања од Институции, Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести. Сепак, има големи забелешки од страна на наставниците, родителите и учениците за нивото на хигиената во училиштето. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Безбедноста била, е и секогаш ќе биде врвен приоритет во училиштето, а затоа говори и фактот на одговорот на 90,9% од анкетираните, 6,8% анкетирани делумно се согласуваат и 2,3% не се согласува.<br> |




Делумно се согласуваат родителите за грижата околу нивните деца (52,3%). Целосно се согласуваат 38,9% и не се согласуваат 9,4%.  Прашањето е субјективно, и сметаме дека информацијата доставена до нив е еднострана т.е. ја добиваат само од нивните деца, без потврда или дополнително мислење од страна на наставниците или стручната служба на училиштето.




Половина од анкетираните родители 49,7% се запознаени со планот за евакуација, 35,6% делумно се запознаени, а 15,4% не се запознаени.




32,7% од анкетираните ученици биле во ситуација на несоодветно однесување и/или врсничко насилство, а останатите немале такво искуство. Според дополнително направените анализи, истражувања и набљудувања дојдовме до заклучок дека несоодветно однесување се манифестира меѓу учениците во нивната секојдневна комуникација која според одредени ученици претставува шега, додека според други несоодветно однесување. Постојат ученици кои сакаат да доминираат и да се истакнуваат на сметка на другите. Кај повозрасните ученици се случува и кажување на некој несоодветен збор. Несоодветно однесување од наставник кон ученик е занемарливо.




**Многу добро**

Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на

| | | |
|---|---|---|
| | | елементарни непогоди и друга опасност. Училиштето има и физичко обезбедување кое беспрекорно си ја врши својата работа и придонесува учениците и сите вработени да се чувствуваат безбедни. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Ист одговор беше очекуван и за грижата на учениците од социјално загрозените семејства 90,9% анкетирани целосно се согласуваат, 9,1% делумно се согласуваат и 0% не се согласуваат.<br><br><br><br><br>34,9% од родителите целосно се согласуваат дека училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозените семејства, 48,3% делумно се согласуваат и 17, 4% не се согласуваат.<br>**Многу добро**<br>Во училиштето постои процедура за обезбедување на материјални средства и /или ослободување од одредени давачки за учениците од семејства кои се социјално загрозени донесен на Наставнички совет. Паралелно дококу се појават ризици по однесување, булинг или емоционални потешкотии и потешкотии во учењето се вклучува со соодветна поддршка и интервнција и стручната служба. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Грижа за учениците со здравствени проблеми</td>
<td>Здравјето пред се – парола која и вистински се практикува и е доказ од 95,5 % од наставниот кадар. Само 4,5% делумно согласуваат. 0% не се согласуваат.<br>
<br>38,3% од родителите сметаат дека во соработка со нив, училиштето обезбедува реализација на наставата за ученици кои подолго време отсуствуваат од настава, 40,3% делумно се согласуваат и 21,5% не се согласуваат. За ова прашање сметаме дека мал број ученици и родители биле засегнати од ваква ситуација и можат соодветно да одговорат на прашањето.<br>
<br>Многу Добро<br>Во училиштето постои процедура за грижа и поддршка на учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања  или потешки повреди и кои подолго отсуствуваат од настава донесени на Наставнички совет и согласно најновите измени на ЗОО од март 2025</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците</td>
<td>



Добросостојбата на учениците е исто така на завидно ниво според наставниците (95,5%). Само 4,5% делумно се согласуваат.




Емоционалната состојба е во делот на „Делумно се согласувам“ (45%) и повторно е од субјективно ниво. 38,3% целосно се согласуваат и 18,8 не се согласуваат. Дополнителните истражувања и анализи ја потврдуваат субјективноста во анкетата.

**Многу добро**

Учениците многу често, па дури и секојдневно, кога чувствуваат потреба се обраќаат до стручната служба. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).

Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење преку вонпаставни активности, работилници на стручната служба, работилници на одделенски час, на часовите по СИП, во индивидуална и групна работа согласно потребите на учениците со стручна служба, Работилници со родители и адолесценти преку Флориш активностите. Советување на родители и слично.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Давање помош при изборот за</td>
<td>Воедно, училиштето се грижи и за иднината на своите ученици и идни средношколци – со детални информации и презентирање на средни училишта, што го потврдуваат 95,5% од наставниците. 4,5% делумно се согласуваат.</td>
</tr>
</table>

продолжување на образованието




38,3% од родителите сметаат дека ги добиваат потребните информации за иднината на своето дете. 47,7% делумно се согласуваат и 15,4% не се согласуваат. По ова прашање повторно се зема во предвид деке анкетирани се родители на ученици од 1-9 одделение кои сеуште не се засегнати со понатамошен избор на образование за своето дете.




**Многу добро**

Училиштето има Тим за професионална ориентација на учениците со свој акциски годишен план кој е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.

Со професионалната ориентација им помагаат на учениците да се одлучат каде да го продолжат образованието и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Со програмата за професионална ориентација им помагаат на учениците при изборот на средното училиште, а при тоа изборот да биде во согласност со нивните

| | | |
|---|---|---|
| | | особености, способности и афинитети. Ги поттикнуваме учениците активно да учествуваат и да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.<br><br>Стручните соработници ги координираат класните раководители за да ги реализираат работилниците од програмата за образование за животни вештини кои што имаат за цел да ги поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, интереси, лични цели, вредности и вештини |

**Опис/резиме на подрачјето:**

- Наставниот кадар и стручната служба става значаен акцент на прввенција и заштита од насилство. За време на одделенските часови се реализираат тематски работилници од Животни вештини за спречување на насилство, мирно решавање конфликти, развивање емпатија и сл. Преку различни работилници со стручна служба се промовира ненасилното однесување. Сите работилници од страна на стручна служба се планирани во Програмата за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Секој раководител на почетокот на секоја учебна година го презентира на родителите на првата родителска средба. Истиот документ е истакнат/објавен на ВЕБ страната на училиштето со име и презиме на контакт лицето за пријавување. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители. По преземените активности, насилството во училиштето се намалуват.
- Училиштето има донесено документ на Наставнички совет „Промоција на добросостојба на учениците преку промоција на здрав живот без пороци со план за превенција од зависности“ и во самиот документ има план за работа на годишно ниво, а го реализира Тимот за грижа за здравјето и релиазација на едукативни теми за здравје за што овој Тим изготвува полугодишен и годишен извештај. Покрај ова во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Квалитетот на храната на училишната кујна е на завидно ниво Во училиштето се води кампања за здрава исхрана, учениците често имаат активности кои промовираат здравата храна, а исто така имаат практични наставни и вонnаставни активности за начинот на исхрана, за тоа како правилно да засадуваат и одгледуваат растенија и како здраво да се хранат.
- Учениците имаат практични и стручни предавања од Институции, Невладини организации, Центар за јавно здравје и акредитирани организации во врска со хигиената и одржувањето на здравјето како и заштита од болести. Сепак, има големи забелешки од страна на наставниците, родителите и учениците за нивото на хигиената во училиштето.
- По извршените истражувања дојдовме до заклучок дека во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Училиштето има и физичко обезбедување кое беспрекорно си ја врши својата работа и придонесува учениците и сите вработени да се чувствуваат безбедни. Безбедноста била, е и секогаш ќе биде врвен приоритет во училиштето, а затоа говори и фактот на одговорот на 90,9% кои целосно се согласуваат, од анкетираните.

- Во училиштето постои процедура за обезбедување на материјални средства и /или ослободување од одредени давачки за учениците од семејства кои се социјално загрозени донесен на Наставнички совет. Паралелно дококу се појават ризици по однесување, булинг или емоционални потешкотии и потешкотии во учењето се вклучува со соодветна поддршка и интервнција и стручната служба. Во однос на прашањето за грижата на учениците од социјално загрозените семејства 90,9% од анкетирани целосно се согласуваат дека училиштето се грижи за овие семејства.
- Во училиштето постои процедура за грижа и поддршка на учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања  или потешки повреди и кои подолго отсуствуваат од настава донесени на Наставнички совет и согласно најновите измени на ЗОО од март 2025. Здравјето пред се – парола која и вистински се практикува и е доказ од 95,5 % од наставниот кадар, кој целосно се согласува.
- Учениците многу често, па дури и секојдневно, кога чувствуваат  потреба се обраќаат до стручната служба.  Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо -емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели  или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).
- Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење преку вонnаставни активности, работилници на стручната служба, работилници на одделенски час, на часовите по СИП, во индивидуална и групна работа согласно потребите на учениците со стручна служба, Работилници со родители и адолесценти преку Флориш активностите. Советување на родители и слично.
- Училиштето има Тим за професионална ориентација на учениците со свој акциски годишен план кој е составен дел од годишната програма за работа на училиштето. Со професионалната ориентација  им помагаат на учениците да се одлучат каде да го продолжат образованието и да се насочат кон професиите, кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности и во која професија ќе имаат најмногу изгледи за добра прилагоденост. Со програмата за професионална ориентација им помагаат на учениците при изборот на средното училиште, а при тоа изборот да биде во согласност со нивните особености, способности и афинитети. Ги поттикнуваме учениците активно да учествуваат и да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.
- Стручните соработници ги координираат класните раководители за да ги реализираат работилниците од програмата за образование за животни вештини кои што имаат за цел да ги поттикнат учениците да ги идентификуваат своите способности, потенцијали, ставови, интереси, лични цели, вредности и вештини. Воедно, училиштето се грижи и за иднината на своите ученици и идни средношколци – со детални информации и презентирање на средни училишта, што го потврдуваат 95,5% од наставниците. 4,5% делумно се согласуваат.

**Силни страни**

- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и воннаставни активности за превенција од насилство.
- Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол.
- Училиштето води грижа за здравјето на учениците и наставниците.
- Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства.
- Училиштето води грижа за социо-емоционалната состојба и менталното здравје.

Училиштето постојано соработува со родителите во разрешувањето на ситуации со учениците.

**Слаби страни**

- Подобрување на хигиената во училиштето.

- Во училиштето е изготвен протокол за заштита и превенција од насилство, но истиот не доволно презентиран пред родителите и родителите имаат мало познавање на постоење на истиот.

**Приоритети**

- Да се подобри нивото на хигиена во училиштето.